# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ“ – СКОПЈЕ, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

ЗА ПЕРИОД ОД 2021 ДО 2025 ГОДИНА



Скопје, 25.03.2021 година

# ПРЕАМБУЛА

Врз основа на **Законот за основно образование** објавен во Службен весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година, односно:

Член 49

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште** бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 година донесен од министерот за образование и наука, односно:

Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

Член 2

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

# С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** ........ **3**

**1. ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ** ........ **4**

1.1. Идентификациони податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште
1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

**2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСРИ СО КОИ РАСПОЛАГА ОСНОВОНОТО УЧИЛИШТЕ** ........ **8**

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
2.2. Работен стаж на вработените
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“
2.5. Материјално – финансиско работење на училиштето

**3. ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, НАСТАВЕН ПЛАН И НАСТАВНА ПРОГРАМА** ........ **27**

**4. ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ПРЕТХОДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ** ........ **29**

4.1. Самоевалуација на основното училиште
4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

**5. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ (SWOT АНЛИЗА)** ........ **41**

5.1. Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години
5.2. Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години
5.3. Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години
5.4. SWOT АНАЛИЗА

**6. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ** ........ **46**

**7. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ЧЕТИРИГОДИШНИОТ ПЕРИОД** ........ **47**

ОД ПРИОРИТЕТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ДО РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ
ОД СТРАТЕШКА ЦЕЛ КОН РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ
АКЦИОНЕН ПЛАН НА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИТЕ

**8. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ** ........ **67**

**9. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО ОПШТИНА , ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, НВО И ДРУГИ** ........ **68**

**10. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ** ........ **71**

**11. ЕВАЛУАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ** ........ **72**

**12. ЗАКЛУЧОК** ........ **73**

**13. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ** ........ **74**

**14. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ........ **75**

# В О В Е Д

Училишното развојно планирање е континуиран стратешки процес заснован на константно истражување за препознавање на автентичните потреби на училиштето и пронаоѓање начини како тие потреби да се задоволат. Тоа претставува основа за остварување на посакувани и неопходни промени во сите сегменти на училишниот живот.

Како резултат на процесот на развојното планирање, произлезе документот **„Развојна програма на основното училиште ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје од 2021 – 2025 година“** во кој ги определивме основните правци на развој на нашето училиште во наредниот четиригодишен период. Со оваа програма се обврзуваат сите учесници на заедничка акција за развивање на основните приоритетни области и остварување на стратешките цели, а на тој начин ќе се насочува целокупниот развој на училиштето. Програмата содржи активности што ќе ги преземе училиштето со цел да се отстранат слабостите и реализирање на активности што ќе доведат до унапредување на квалитетот на работата.

Програмата се темели на анализа на постојната состојба, вреднување на постигнатите резултати и препознаените приоритетни потреби на нашето училиште. Анализата на сегашната состојба ја направивме врз основа на следењето и анализата на претходната Програма за развој на училиштето за период од 2017 – 2021 година, резултатите од последната Самоевалуација на училиштето спроведена од страна на училишна комисија во 2019 година, советодавната и стручна помош од Бирото за развој на образованието, Годишните извештаи за работа на училиштето во претходните 4 учебни години, но и од препораките од конечниот извештај од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат.

Нашата цел е развој на ООУ„Мирче Ацев“ – Скопје во училиште каде се обликуваат компетентни луѓе во стручна смисла коишто тимски соработуваат, се формираат чесни и здрави млади луѓе преку воспитно – образовната работа, со развивање на нивната иницијативност, креативност, професионализам и отвореност кон другите и различните. Сакаме училиште во кое учениците и вработените го доживуваат училиштето како институција во која припаѓаат, а тоа претпоставува позитивна клима, задоволство и мотивираност за учење и работа.

Развојната програма на нашето училиште е насочена кон реализација на визијата на училиштето и истата ќе биде поттик за работа и учење, меѓусебна соработка, а истовремено ќе ги задоволи интересите и потребите на наставниот кадар, учениците, родителите и локалната заедница. Од јасната визија и добро дефинираните цели за унапредување на работата на училиштето, како и од благовремените повратни информации за успесите, слабостите и постигнатите резултати ќе зависи целокупниот развој на нашето училиште, успехот и неговата позиција во локалната средина и пошироката општествена заедница.

# 1. ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 1.1. Идентификациони податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје |
| Адреса | ул „Мечкина Камен“ бр. 26 |
| Општина, место | Ѓорче Петров, Скопје |
| Телефон | 02 / 2041 – 509 |
| Веб - страница | www.oumirceacev.edu.mk |
| Е - маил | ouma.skopje @gmail.com |
| Ден на училиштето | 9 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 4 400 m2 |
| Училишен двор ($m^2$) | 10 456 m2 (спортски терени 2294 m2) |
| Капацитет на училиштето (максимелен број на ученици) | 950 – 990 |
| Број на ученици | 726 |
| Број на паралелки | 31 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 (две) |
| Статус на Еко - училиште | Зелено знаме по петти пат (2009, 2011, 2013, 2015, 2017) |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Основното училиштето „Мирче Ацев“ – Скопје е носител на основно образование уште од 1928 година во тогашното гратче Ѓорче Петров. Првата училишна зграда во која што е организирано основно образование за децата од Ѓорче Петров од староседелците била нарекувана „старо школо“. Во училиштето учеле мал број ученици, а наставата била организирана со завршување на четврто одделение. Сега веќе ја нема таа зграда, но многу граѓани се сеќаваат дека се наоѓала во близината на Пожарниот дом. Името на училиштето од тоа време не е познато. Непосредно по ослободувањето на нашата држава, училиштето било основано од Народниот фронт на Скопска околија од 15 јануари 1945 година, а образовната институција за основно образование го добила името ОУ„Мирче Ацев“ по народниот херој, чие име со гордост го носи. Тогаш во рамките на обновата и градењето на државата започнува образованието на младите генерации на македонски јазик. Во првата учебна година се школувале околу 250 ученици од прво до седмо одделение. Првата генерација полуматуранти со седмо одделение завршила во учебната 1945/1946 година. Се работело само во 4 училници и три смени, а учениците биле од пошироката околина на Ѓорче Петров.

Како последица од брзиот развој на индустријата, трговијата и занаетчиството, како и природниот прираст на населението во селските населби, пораснал бројот на жители во Ѓорче Петров. Неминовно се наложила и потребата од поголем училишен простор, па во 1948 година започнала изградбата на друга училишна зграда, лоцирана наспроти киното во Ѓорче Петров. Се градело на доброволна основа ударнички, пришто сите помагале, наставниците, па и учениците. Градбата заврши во 1950 година. Таа училишна зграда повеќе ја нема, а се наоѓала на местото на првата станбена зграда наспроти киното. Во објектот имало 8 училници, распоредени на сутерен и спрат. На сутеренот имало и простории (станови) за наставниците, а тие по цел ден биле заедно со учениците. Во зградата постоела и мала фискултурна сала. Тука многу често се проектирале филмови, каде што подоцна бил изграден и спортски терен.

Во периодот кога стопанството било во полн подем, една подземна стихија ги пресекла артериите на тој растеж. Тоа се случило на 26 јули 1963 година. Во катастрофалниот земјотрес, втората училишна зграда била многу оштетена и морала да се урне. Наставата за учениците од прво до четврто одделение се изведувала во три смени во старата училишна зграда што била приспособена за таа намена, додека пак учениците од петто до осмо одделение оделе во основното училиште „Моша Пијаде” (сега ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски”) во три смени. Подоцна, учениците од петто до осмо одделение две години следеле настава во зградата на ДСУ „Кочо Рацин”. И покрај тешките услови за работа, наставниот кадар постигнувал забележителни резултати во работата со учениците.

Просторниот проблем бил решен со изградбата на третата училишна зграда, во која и денес се изведува настава. Таа училишна зграда била пуштена во употреба на 01.02.1968 година. Наставата во оваа зграда започнала во второто полугодие во учебната 1967/1968 година. Овој објект е модерен и функционален и овозможува хоризонтална и вертикална проодност по сите нивоа. Со отворање на основното училиште „Страшо Пинџур“, во 1980 / 81 година се намалил бројот на учениците во училиштетто и притоа се создале услови за изведување на кабинетска настава, што е важна претпоставка за квалитетна реализација на воспитно – образовниот процес.

ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје има традиција долга 76 години во образование и воспитување на учениците. Во изминатите 7,5 децении основно образование училиштето перманентно расте и се развива, со постојано воведување на иновации во наставниот процес. Во училиштето се запишале 8457 ученици, а во нивното едуцирање и воспитување биле ангажирани многу одделенски и предметни наставници, како и стручни соработници. Голем дел од учениците кои го завршиле основното образование во нашето училиште,

успешно продолжиле во средното и високото образование, своите работни способности ги вложиле или сега ги вложуваат во развојот на нашата држава. Многумина од завршените ученици работеле или денес работат на значајни општествени функции. Поединци денес го посетуваат училиштето најчесто во својство на родители, или пак службено како соработници.

ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје од почетокот на работењето до ден денес било едно од подобрите и високо рангирано училиште на ниво на Општина Ѓорче Петров, во градот Скопје и на државно ниво. Наставниците применуваат современи приоди во наставата, методи и техники за работа.

Исто така, училиштето било вклучено и активно учествувало во многу проекти организирани од МОН, НВО и други инстиутуции. Некои проекти беа неколкугодишни, но некои имаат одржлив развој и истите се уште успешно се реализираат. Во ООУ „Мирче Ацев“ - Скопје се реализирани следниве проекти, пришто е наведена годината на отпочнување на секој проект:

- „Македонска мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето“ – 1998;
- „Активна настава - интерактивно учење“ (МОН) – 2002;
- „Отворени забавни фудбалски школи“ (CROSS CULTURES, УЕФА,ФФМ,Општина Ѓорче Петров) – 2002;
- „Основи на демократија“ (МОН / БРО, CRS) – 2003;
- „Модернизација во образованието“ (МОН; УСАИД) – 2005;
- „Информатичко – комуникациска технологија во наставата“ (МОН,УСАИД) – 2005;
- „Проект за основно образование (ПЕП) – петгодишен проект“ (МОН, УСАИД) – 2007;
- „Зелени училишта“ (УСАИД / ПЕП) – 2008;
- „Еко училиште“ (МОН, Здружение на граѓани ОХО и Швајцарска агенција за развој) – 2008;
- „Образование за животни вештини“ (МОН, БРО) – 2009;
- „Менторство на наставници“ (УСАИД / ПЕП, БРО, Чекор по чекор) – 2010;
- „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ (МОН, Швајцарската агенција за развој и соработка, Здружение на граѓани ОХО) – 2011;
- „Пакомак во училиштата“ (Друштво за управување со пакување и отпад „ПАКОМАК”) – 2013;
- „Да создадеме безбедна средина“ (Општина Ѓорче Петров, МВР, ОЗФШ) – 2013;
- „Зајакнување на семејството“ (МОН, Американската амбасада) – 2013;
- „Меѓуетничка интеграција во образованието“ (УСАИД, МЦГО МОН, БРО) – 2014;
- „Со читање до лидерство“ (УСАИД, Чекор по чекор, МОН) – 2014;
- „Програма за правна социјализација на Република Македонија“ (PH International, МОН, МВР) – 2014;
- „Заедничка грижа и правилно насочување на учениците“ (МОН) – 2014;
- „Електричниот отпад создава можности“(Go green-Go clean) – 2014;
- „Е – twining проекти“ од Програмата Еразмус + (EU,) – 2016;
- „Do & Learn“ / Учење преку работа – 2016;
- „Промоција на хумани вредности“ - ПХВ (Црвен Крст на РСМ) – 2017;
- „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ (МОН, БРО, ДКСК) – 2017;
- „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ (УСАИД, МЦГО, МОН) – 2017;
- Летна школа „Денови на англиски камп“ (Центар за развој на образование „Корени“) – 2017;
- „Креативен свет за сите деца подеднакво“ (Керакамика) – 2018;
- „Училишен фудбал“ (ФФМ, Агенција за млади и спорт) – 2019;
- Пилот програма „Учење преку правење“ (МОН, Светска Банка) – 2019;
- „Училишта на 21 век“ (МОН и British council) – 2019.

## 1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје се наоѓа во урбаниот дел на општина Ѓорче Петров. Училиштето е лоцирано во населбата Ѓорче Петров и е опкружено со приватни станбени објекти и згради, а излегува на една главна улица и две споредни улици.

Училиштето има современа училишна зграда и училишен двор со спортски терени, тениско игралиште, детско катче, отворена училница (летниковец) и ботаничка градина.

Училиштето остварува долгогодишна и успешна соработка со локалната самоуправа, останатите општински основни училишта, медиумите и други организации и институции.

Организираме многубројни хуманитарни акции развивајки ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Во рамки на реализација на Проектот за мегуетничка интеграција во училиштето е добитник на неколку грантови за поддршка на заеднички активности за меѓуетничка интеграција со партнер училиштето.

Во 2019 година училиштето беше вклучено во меѓународната студија ТИМСС, 2019 со реализација на тестирање во V а одделение по математика и природни науки.

Нашето училиште беше едно од петте училишта во нашата татковина кое влезе во пилот проектот „Зелени училишта“ (УСАИД / ПЕП) во 2008 година што промовираше одржливост на животната средина, едукација и јавна свест во рамките на основните училишта во Македонија. Тогаш во рамките на проектните активности беше формиран Зелен клуб во училиштето со ученици љубители на природата, којшто освои второ место на натпревар на Зелени училишта (мај,2010), а се уште реализира еко активности за заштита на животната средина. Нашето училиште работеше на четири еколошки теми: енергетска ефикасност, зачувување на водата, управување со отпадот и превозот со промена на навиките. Во училиштето во изминатиот период се реализирани бројни еколошки проекти: собирање и рециклирање на стара пластика, собирање електронски отпад, собирање батерии, собирање стара хартија и друго.

Училиштето има статус на Еко - училиште и е добитник на Зелено знаме по петти пат. Имено, нашето училиште во 2008 година беше вклучено во проектот „Еко училиште“ (МОН, Здружението на граѓани ОХО и швајцарската агенција за развој), чија цел е заштита на животната средина и нејзина интеграција во воспитно-образовниот систем. Проектот Еко-училиште беше наменет за подобрување на изгледот на околината во која учиме и работиме, за развивање на еколошката свест, како и грижа и чување на околината. Процесот да се стане еко-училиште беше сеопфатен, а функционираше на начин во кој беа вклучени сите субјекти кои се поврзани со училиштето. Со голема посветеност на учениците, вработените во училиштето, родителите и Општината успешно беа реализирани седумте чекори и нашето училиште се стекна со највисокото признание „Зелено знаме“ во 2009, 2011, 2013, 2015 и 2017 година.

Голем број на ученици од училиштето под менторство на одделенски наставници кои предаваат во 4 и 5 одд. и предметните наставници по англиски јазик, математика, физика, хемија, географија, информатика, ликовно образование, техничко образование, физичко и здраствено образование и училишниот хор учествуваа на бројни општински, регионални, државни и меѓународни натпревари на кои освојуваа бројни награди за освоено 1,2 и 3 место и добиваа пофалници и признанија.

Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Средниот успех е во пораст во изминатите четири учебни години.

Наставниците и стручните соработници континуирано следат екстерни и интерни обуки, семинари, вебинари, конференции и други форми на стручно усовршување, притоа продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на Стручните активи во училиштето.

# 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСРИ СО КОИ РАСПОЛАГА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ССС III | ССС IV | ССС V | ВшС VI | ВСС VII / 1 | М – р VII / 2 |
| Наставен кадар | Одделенски наставници | 25 | / | / | / | 3 | 19 | 3 |
| | Предметни наставници | 30 | / | / | / | 3 | 25 | 2 |
| Раководен кадар | 1 | | / | / | / | / | / | 1 |
| Стручни соработници | 4 | | / | / | / | / | 4 | / |
| Административни службеници | 1 | | / | 1 | / | / | / | / |
| Помошен и технички кадар | 10 | | 1 | 8 | 1 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | **71** | | **1** | **9** | **1** | **6** | **48** | **6** |

## 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 5 | 3 | 2 | / | 1 | / | **11** |
| Од 10 до 20 години | 10 | 11 | / | / | 2 | / | **23** |
| Од 20 до 30 години | 7 | 9 | 1 | / | 5 | 1 | **23** |
| Повеќе од 30 години | 3 | 7 | 1 | 1 | 2 | / | **14** |
| **ВКУПНО** | **25** | **30** | **4** | **1** | **10** | **1** | **71** |

## 2.3. Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (оценка од 1 – 5) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 18 | 1 042 | 5 | / |
| Кабинети | 9 | 498 | 4 | Набавка на дополнителни наставни средства и помагала. |
| Библиотека | 1 | 28 | 4 | Потребно е проширување на просторијата со одземање на дел од површината на читалната и изработка на две влезни врати |
| Читална | 1 | 88 | 5 | / |
| Спортска сала со просторија за реквизити, 2 гардероби и 2 работни простории на наставниците | 1 | 392 | 4 | Доопремување со спортски справи и реквизити. |
| Наставничка канцеларија | 1 | 60 | 5 | / |
| Канцеларии за директор, секретар, педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор | 5 | 98 | 5 | / |
| Училишна кујна | 1 | 28 | 5 | / |
| Трпезарија | 1 | 88 | 5 | / |
| Санитарни јазли<br>За учениците има 9 машки и 9 женски тоалети, а во секој тоалет има по 2 кабини и одвоен дел за мијалник. За вработените има 1 машки и 1 женски тоалет. За наставниците по физичко и здравствено образование има 1 тоалет. | 11 | 196 | 4 | Реконструкција на одводот кај 1 санитарен јазол на приземје заради несоодветна висина на надворешната водоводна инсталација во однос на главната канализациона мрежа на улицата „Мечкин Камен“. Потребно е да се направи еден тоалет за ученици со посебни образовни потреби. |
| Ходници и холови | 12 | 1 140 | 5 | / |
| Училишен двор | 1 | 10 456 | 4 | Обновување на тревните површини и реконструкција на патеките за движење. |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| **Наставен предмет** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА (1 – 5 одд.)** | | |
| **Македонски јазик** | • Кукли за куклена претстава (гињол);<br>• Фигури за театар на маса;<br>• Картончиња со напишани големи печатни букви;<br>• Картончиња со напишани големи и мали печатни букви и со слогови;<br>• Сликовници (со животни, растенија, за сообраќај и сл.);<br>• Сликовници и книги со приказни, басни и легенди;<br>• Постери, фотографии,плакати, илустрации со содржини усогласени со наставните програми;<br>• Сет сликовници (автобус на тркала);<br>• Други сликовници и книги од литературното катче;<br>• Снимки на текстови од усната и писмената книжевност според програмата;<br>• Акцентски вежби според програмата поврзани за изразно читање;<br>• Едукативни софтвери — избор на текстови според наставниот план и програма и драматизација на познати глумци;<br>• Телевизор.<br>• Паноа кои го следат програмското подрачје;<br>• Опрема со литература и стручна периодика;<br>• Списанија за деца и млади;<br>• Речници (еднојазичнии двојазични);<br>• Списанија за млади на немајчин јазик. | • Кукли со човечки лик од различен материјал и со различни големини (бебе, близначиња, кукла во народна носија и сл.);<br>• Различна облека за кукла;<br>• Телефон играчка во пар;<br>• Маски и костуми за драматизација;<br>• Аудиокасети, видеокасети и CD со снимени содржини, прилагодени на возраста, по тематика предвидена со програмата;<br>• Касети со текстови и песни за разбирање и слушање;<br>• Фотографии на книжевници (по избор);<br>• Аудиокасети, видеокасети и CD со снимени содржини, прилагодени на возраста, по тематика предвидена со програмата;<br>• Касети со текстови и песни за разбирање и слушање;<br>• Снимки на текстови од усната и писмената книжевност според програмата;<br>• Акцентски вежби според програмата поврзани за изразно читање;<br>• Едукативни софтвери - збор на текстови според наставниот;<br>• план и програма и драматизација на познати глумци;<br>• Граматика;<br>• Стручни списанија;<br>• Стручна методска литература. |
| **Англиски јазик** | • Тематски ѕидни слики по програмата за секое одделение;<br>• Ѕидни слики според програмските содржини;<br>• Магнетна табла;<br>• LCD проектор;<br>• Лаптоп. | • Комплет за почетна настава на странскијазик (апликации, слики и сл.);<br>**АУДИО-ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Едукативни софтвери за поддршка на програмските содржини;<br>**ПИШАН МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Речници, еднојазични и двојазични |

| | | |
|---|---|---|
| | **АУДИТИВНИ СРЕДСТВА:**<br>• По едно CD кое го следи учебникот;<br>• CD со текстови и песни за слушање со разбирање;<br>**АУДИО-ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Телевизор;<br>• DVD плеер;<br>• Аудио-систем со CD;<br>• Наставни филмови на CD по тематика предвидена со програмата;<br>**ПИШАН МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Речници двојазични (англиско-српскохрватски, англиско-хрватски или српски, српско-хрватски-англиски);<br>• Стручна методска литература;<br>• Збирка на книги за деца (напишани по<br>соодветни јазични нивоа), т.н. „ридерси“ или „симплифицирани изданија“ издадени од светски познатите издавачки куќи. | (англиско-македонски, македонско-англиски);<br>• Граматика;<br>• Стручни списанија;<br>• Списанија за млади на англиски јазик;<br>• Збирка на книги за деца (напишани посоодветни јазични нивоа), т.н. „ридерси“ или „симплифицирани изданија“ издадени од светски познатите издавачки куќи (потребно е да има во поголем број). |
| **Математика** | • Симболи за броеви и знаци;<br>• Домино со симболи;<br>• Домино со бои и бројки до 10 (20);<br>• Коцки со бројки до 10 (20);<br>• Бројни слики и бројни низи до 10 и 100;<br>• Обоени стапчиња;<br>• Постер со броеви до 100;<br>• Пластифицирани таблици множење со броевите до 10 изработени од наставникот;<br>• Логички плочки;<br>• Постер со 2Д и 3Д форми;<br>• 3Д форми (дрвени);<br>• Дводимензионални геометриски форми различни по боја и големина (круг,квадрат, триаголник, правоаголник<br>• Коцки – полни и празни, од различни материјали и со различна големина;<br>• Топки, коцки, квадар, цилиндар, пирамида, конус (различни по големина и боја);<br>• Модели шупливи геометриски тела од пластика;<br>• Топчиња и мали обрачи за нижење | • Апликации за фланелограф (за нагледно прикажување на множества за формирање на поимот за број и за операциите со броеви);<br>• Симболи за броеви и знаци;<br>• Сметалка – демонстрациона;<br>• Сметалка – позициона;<br>• Аритметичка кутија;<br>• Математички семафор;<br>• Коцки и прачки (за демонстрирње десетки и стотки);<br>• Логички плочки;<br>• 2Д и 3Д геометриски форми;<br>• Модели геометриски тела од дрво (квадар, коцка, цилиндар, конус, пирамида и топка);<br>• Модели геометриски тела од жица;<br>• Модели шупливи геометриски тела од пластика;<br>• Картички за поврзување 2Д форми - 3Д форми;<br>• Сложувалки со триаголник, квадрат, круг, правоаголник;<br>• Лавиринт;<br>• Вага, терезија, кантар;<br>• Гарнитура на тегови од 1 dg до 5 kg;<br>• Гарнитура на садови од 1 dl до 5 l; |

| | | |
|---|---|---|
| | комплети;<br>• Танграм;<br>• Мала вага;<br>• Јаже за мерење;<br>• Либела;<br>• Метар (кројачки, ѕидарски, трговски);<br>• Гарнитура  на садови од 1dl до 5l;<br>• Часовник (песочен, со клатно, дигитален, со сказалки – од минатото и сега);<br>• Монети и банкноти од 1, 2, 5, 10, 50 и 100 денари;<br>• Геотабла;<br>• Линијар од 1 m со назначени cm и dm;<br>• Рамнокрак правоаголен триаголник;<br>• Правоаголен триаголник со агол од 60;<br>• Прибор за цртање (линијар, триаголник, агломер, шестар). | • Часовник (механички и дигитален);<br>• Термометар;<br>• Абакус;<br>• Јаже за мерење;<br>• Висок;<br>• Либела;<br>• Метар (дрвен,метален, столарски и кројачки);<br>• Модели на квадратен дециметар и квадратен метар;<br>• Круг-дрвен (што може да се раздели на половина, третина, четвртина и сл.);<br>• Картички за поврзување дропки, децимални броеви и проценти;<br>• Дијапозитиви: Првите знаења;<br>• Дијапозитиви: Броење и сметање;<br>• Дијапозитиви: Првата илјада. |
| **Општество** | • Паноа што ги следат програмските теми;<br>• Знаме на Република Северна Македонија;<br>• Илустративен приказ на знамето и грбот на Р. Северна Македонија;<br>• Физичко – географска карта на Р.С. Македонија  - размер 1:50 000<br>• ЦД и/или карта за релјефот на Р. С. Македонија;<br>• Географски карти(на светот) со различен размер;<br>• Сообраќајно килимче;<br>• Мали сообраќајни знаци;<br>• Филмови, слики, постери (со снимени приказни, убавини на родниот крај, обичаи и семејни празници, растенија, домашни животни, годишни времиња и сл., согласно со наставните програми);<br>• Филмови, слики на кои се претставени позитивни и негативни примери на однесување;<br>• ЦД и фотографии од стари населби: Стоби, Хераклеја, Скупи и др. | • Тематски ѕидни слики по  програмата;<br>• Играчки кои претставуваат мебел во домот, креветче за кукла, масичка, фрижидер и сл. Прибор за хигиена „Фризер”;<br>• Прибор за исхрана;<br>• Различни автомобили –мали и големи прототипови;<br>• Модели на возила (автомобили, камион, брза помош, брод, авион, воз, пожарникарско возило);<br>• Средства за играта „Лекар”;<br>• Детски мајсторски алатки од пластика;<br>• Лего коцки – едноставен систем на животни, луѓе, овошје и др. со повеќе елементи;<br>• Модели за склопување (сообраќајни средства, мебел, домашни апарати);<br>• Играчки за одредени професии (облека и прибор);<br>• Слагалки од 4 до 6 елементи со ликови на човечки лица со различни емоции;<br>• Мал семафор;<br>• Филмови за чести детски болести и опасности;<br>• Големо ѕидно огледало;<br>• Филмови, слики, постери (со снимени приказни, убавини на родниот крај, обичаи и семејни празници, растенија, домашни животни, годишни времиња и слично, |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласно со наставните програми;<br>• Филмови, слики на кои се претставени позитивни и негативни примери на однесување;<br>• CD и/или карта за релјефот на РСМ;<br>• Глобус;<br>• Физичко-географска карта на Европа - размер 1:500 000;<br>• CD за хидрографската мрежа на РС Македонија;<br>• CD за разместеноста на растителниот и животински свет на РС Македонија;<br>• CD за териоријалната организација (општините) во Р С Македонија;<br>• CD или карта за разместеноста на рудните наоѓалишта во Р.С.Македонија;<br>• CD за разместеноста на индустриските објекти во Р С Македонија;<br>• DVD за искористување на шумскиот фонд во РС Македонија;<br>• DVD за Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро;<br>• DVD за поголема хидроцентрала (Козјак, Тиквешка или Шпиље);<br>• ЦД - приказза современа градска населба во Р.С. Македонија;<br>• CD - приказ за современа селска населба;<br>• DVD - приказ за активностите во едно семејство;<br>• DVD - приказ на видови живеалишта и нивното одржување. |
| **Природни науки** | • Паноа што ги следат програмските теми;<br>• Лупа;<br>• Енциклопедии;<br>• Еко домино и лото игра;<br>• Кантичка за полевање цвеќе;<br>• Мал градинарски алат;<br>• Батерии, свеќа, сијачичка;<br>• Ѕвонче;<br>• Училничка збирка на инсекти (постојано се обновува);<br>• Видео касети, CD, DVD и DVX со содржини од наставната програма;<br>• Кутии и сандачиња од амбалажа – картонска, дрвена, пластична. | • Тематски ѕидни слики по програмата;<br>• Кукли животни од различен материјал и со различни димензии;<br>• Различни материјали (мазни, рапави, лесни, потешки, тенки, дебели, растегливи, волници, ластик, хартија, ткаенина, дрво);<br>• Слагалки од 4 до 12 елементи со ликови на човечка фигура, овошје, зеленчук,животни, инсекти;<br>• Различни видови лото игри (овошје, зеленчук, животни, сообраќај, облека, обувки,бои, прибор за хигиена);<br>• Мала ветерница;<br>• Вртимушка;<br>• Мал двоглед;<br>• Фигури за театар на сенки;<br>• Вреќички со песок; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Терариум;<br>• Хербариум;<br>• Дрвени или пластични кошнички;<br>• Голем сад за истражувачки игри со вода;<br>• Стапови и празни цевки (пластични, гумени, картонски) – со или без кукички и алки;<br>• Различни плетени мрежички од пластика, коноп;<br>• Исчистен песок;<br>• Пластични играчки за вода и песок;<br>• Микроскоп со статив (зголемување над 100x);<br>• Термометар (за мерење температура на водата и воздухот);<br>• Вага;<br>• Пинцета;<br>• Стакларија (мензура, стаклени садови и епрувети со различни димензии);<br>• Стаклено ѕвоно;<br>• Аван со различни големини;<br>• Шпиртна ламба;<br>• Барометар;<br>• Хигрометар;<br>• Ветроказ;<br>• Магнетна прачка;<br>• Глобус;<br>• Магнетна игла;<br>• Компас;<br>• Збирка на минерали, јаглени, метали;<br>• Звучна виљушка (со различни димензии – фреквенции);<br>• Аквариум;<br>• Училничка збирка на хербаризирани растенија (постојано се обновува);<br>• Слики, шеми (каширани, од пластика и др.) на објекти и процеси соодветно со наставните содржини;<br>• Слајдови, графо-фолии, дијафилмови на објекти и процеси соодветно со наставните содржини. |
| **Работа со компјутер и основи на програми-рање** | • Мали лаптоп компјутери. | • Дигитален уред со следните карактеристики: процесор, минимум процесор со базична фреквенција од минимум 4.10GHz, 9Mb кеш, хард диск меморија и 4 јадра /4 нишки меморија, минимум 6 Gb 2666MHz DDR4, надоградлива до минимум 32Gb, минимум 1TB3.5”7200RPMSATAIII, Hard Drive или еквивалентно интегрирана |

| | | |
|---|---|---|
| | | графичка и аудио карта;<br>• Мрежна конекција минимум 1ГБ (10/100/1000Мб/с) поддршка за PXE;<br>• Скенер;<br>• Проектор (LCD);<br>• Рутер за интернет конекција;<br>• Сервер со следните карактеристики: процесор минимум процесор со базична фреквенција од минимум 4.10GHz, 9Mb кеш меморија и 8 јадра /8 нишки, меморија минимум 16Gb 2666MHz DDR4, надоградлива до минимум 32Gb, хард диск минимум 8TB3.5” 7200 RPM SATA III, Hard Drive или еквивалентно оптички уред минимум DVD+/-RW Drive<br>• Системски и апликативен софтвер според Наставната програма за информатика. |
| **Техничко образование** | • CO, DVD, DVX со наставни содржини;<br>• Прибор за цртање (линијар, триаголник, агломер, шестар).<br>• Сообраќајни знаци;<br>• Семафор;<br>• Помошна табла и маркери;<br>• Наставни средства за демонстрација: макети и модели. | • Основен алат и прибор во работилница;<br>• Табла-триптих;<br>• Дупчалка;<br>• Наставни средства за демонстрација: макети и модели;<br>• Графофолии — различни според наставната програма;<br>• Помошна табла и маркери;<br>• Велосипед со мотор. |
| **Ликовно образование** | • Блок;<br>• Глинамол и глина за моделирање;<br>• Подлога за работа со глина (учениците сами си купуваат);<br>• Сунѓери и ваљачиња за печатење;<br>• Колаж хартија;<br>• Необликуван и природен материјал;<br>• Моливи графитни;<br>• Моливи во боја;<br>• Креди во боја;<br>• Фломастери;<br>• Акварел бои;<br>• Темперни бои;<br>• Туш;<br>• Четки за сликање – дебели, средни;<br>• Проѕирни садови;<br>• Ножички со тапи врвови;<br>• Восочни пастели;<br>• Суви пастели;<br>• Пластелин во различни бои;<br>• Хартија за цртање и сликање;<br>• Целофан хартија. | • Стакло;<br>• Плексиглас;<br>• Метална плоча, валјак, преса за висок печат, печатарски бои;<br>• CD со дигитална верзија на уметнички дела од различни периоди, стилски правци и претставници;<br>• CD со поставки на големите музеи со дела од ликовната уметност;<br>• Стручна литература од областа на ликовната уметност;<br>• Педагошка литература, методики за наставата по ликовна уметност. |

| | | |
|---|---|---|
| **Музичко образование** | • Детски музички инструменти;<br>• Аудиокасети и ЦД со: химна на РСМ, вокална музика (детски песни, хорски песни,народни песни), вокално – инструментална музика (уметнички песни, народни и  песни од детски фестивали), инструментална музика (композиции и фрагменти со различни карактери, клавирски минијатури и фрагменти);<br>• Празни аудиокасети, празни ЦД, блутут звучник;<br>• Снимени човечки гласови, звуци од природата, гласови на домашни животни и птици;<br>• Касетофон;<br>• CD плеер;<br>• Стручна литература од областа на музичката уметност;<br>• Методски прирачници за наставата по музичко образование. | • Клавир- пијано - синтисајзер -електрично пијано;<br>• Мандолини;<br>• Мандоли;<br>• Гитари;<br>• Контрабас;<br>• Хармоники;<br>• Орфови инструменти;<br>• Детски музички инструменти (да се дополнат уште примероци);<br>• Музички систем со касетофон и CD;<br>• Телевизор;<br>• DVD и DVX;<br>• Слики на композитори, репродуктивци и музички инструменти по потреба;<br>• Потрошен материјал, жици и резервни делови за музички инструменти;<br>• Озвучување: Mixer 2x 100W, звучници 2X 150W, сталки за звучници,<br>• микрофони со сталки и кабли x3 18;<br>• Метроном. |
| **Физичко и здравствено образование** | • Обрачи – мали и средни;<br>• Обрачи хула – хоп;<br>• Знаменца со куса дршка;<br>• Кегли;<br>• Пикадо;<br>• Греда ниска;<br>• Јажиња (кусо, врзано, големо);<br>• Мали јажиња за скокање долги 1,5m до 2,3m (според височината на учениците), дебели 0,75 cm;<br>• Душеци од сунѓер обложени;<br>• Мал кош;<br>• Топки за одбојка;<br>• Топки за ракомет;<br>• Топки за кошарка;<br>• Топки за фудбал;<br>• Прописни штафетни палки.<br>• Медицинки од 1 до 2 kg<br>• Штоперица;<br>• Мрежи за одбојка (со стативи);<br>• Мека  доскочна  површина  (душек)  за  скокање  во височина со димензии:2,5cm  x 2,5cm височина 70cm | • Јажиња за качување долги 5 до 5,5m;<br>• Стапови за качување 5 до 5,5m;<br>• Штафетни палки долги 60 cm, дебели 2,5 cm;<br>• Мали топчиња полнети со пречник од 8-10 cm;<br>• Мали гумени топчиња — пречник од 8 cm.;<br>• Топки — пластични (како топка за ракомет);<br>• Јаже за надвлекување — долго10 m, дебело 4 cm;<br>• Долги јажиња од 8m дебелина, 2cm за прескокнување;<br>• Обрачи — пречник 60 cm, дебелина 2 cm парче 35 16. Мрежи за одбојка (со стативи);<br>• Мрежи за ракомет (за гол);<br>• Мрежи за кошарка (за кош);<br>• Мрежи за фудбал (за гол);<br>• Ѓулиња — сообразно со наставната програма и возраста на учениците: од 2 kg, од 3 kg, од 4 kg.;<br>• Стативи за скокање во височина;<br>• Вреќички со песок— од 250g до 1kg;<br>• Стартни блокови;<br>• Мета за гаѓање во цел (за проверка на прецизноста);<br>• Ленти за одбележување на учениците за време на игра и натпревари во две бои. |

| ПРЕДМЕТНА НАСТАВА (6 – 9 одд.) | | |
|---|---|---|
| **Македонски јазик** | • Слики од К.П.Мисирков и Б.Конески;<br>• Паноа кои го следат програмското подрачје;<br>• LCD проектор (2);<br>• Лаптоп (1).<br><br>**УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА СО ЧИТАЛНА**<br>• Опрема со литература, стручна периодика, списанија за деца и млади традиционално потврдени и одобрени.<br><br>**ПИШАН МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Стручна методска литература;<br>• Правопис на македонски јазик;<br>• Лексикони;<br>• Енциклопедии;<br>• Граматика;<br>• Лектирни изданија. | • Фотографии на писатели, литературни дејци кои со својата дејност влијаеле на развојот на јазикот и литературата;<br>• Шеми, апликации, дијаграми.<br>**АУДИТИВНИ СРЕДСТВА:**<br>• ЦД со снимени содржини, прилагодени навозраста, по тематика предвидена со програмата;<br>• Наставни филмови;<br>• Образовни филмови;<br>• Документарни филмови;<br>• ЦД со текстови и песни за разбирање и слушање;<br>• Снимки на текстови од усната и пишаната книжевност според програмата;<br>• ЦД со акцентски вежби според програмата поврзани за изразно читање.<br>**АУДИО-ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Дигитални содржини согласно целите исодржините од наставната програма за соодветното одделение;<br>• Едукативни софтвери – избор на текстовиспоред наставниот план и програма и драматизација на познати глумци.<br>**ПИШАН МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Прирачници (по потреба);<br>• Речници (еднојазични и двојазични);<br>• Граматика – 5 примероци;<br>• Стручни списанија;<br>• Литературни текстови соодветни на интересот и образовниот период на учениците;<br>• Тематски збирки поврзани со програмските подрачја за јазик и литературата. |
| **Англиски јазик** | • LCD проектор (2);<br>• Лаптоп.<br><br>**АУДИТИВНИ СРЕДСТВА:**<br>• За секој јазик кој се изучува и за секое одделение во кое јазикот се учи по една касета кога го следи учебникот -2 комплети.<br>**ПИШАН МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Граматика – 1.<br>• Стручна методска литература. | **ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Тематски ѕидни слики по програмата за секое одделение – 4;<br>• Ѕидни слики и фотографии според програмските содржини;<br>• Комплет за почетна настава на странскијазик (апликации, слики и сл.);<br>• Касети со текстови и песни за слушање со разбирање – 4 комплети.<br>**АУДИО-ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Наставни филмови и видеокасети по тематика предвидена со програмата – 4 комплети. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **ПИШАН МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Стручни списанија;<br>• Списанија за млади на немајчин јазик. |
| **Француски јазик** | **АУДИТИВНИ СРЕДСТВА:**<br>• За секој јазик кој се изучува и за секое одделение во кое јазикот се учи по едно ЦД кое го следи учебникот;<br>• ЦД со текстови и песни за слушање со разбирање.<br>**АУДИО-ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Аудио – систем со ЦД;<br>• LCD проектор;<br>• Лаптоп. | **ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Тематски ѕидни слики по програмата за секое одделение;<br>• Ѕидни слики и фотографии според програмските содржини;<br>• Комплет за почетна настава на странски јазик (апликации, слики и сл.);<br>• Магнетна табла.<br>**АУДИО-ВИЗУЕЛНИ СРЕДСТВА:**<br>• Телевизор;<br>• ДВД плеер;<br>• Наставни филмови на ЦД по тематика предвидена со програмата;<br>• Едукативни софтвери за поддршка на програмските содржини. |
| **Математика** | • Линијар од 1 m со назначени cm и dm;<br>• Рамнокрак правоаголни триаголници;<br>• Правоаголен триаголник со агол од $60^0$ ;<br>• Шестари;<br>• Прибор за цртање (линијар, триаголник, агломер, шестар)<br>• Електронски учебници: Математика VII, Математика VIII, Математика IX;<br>• LCD проектор (2). | • Модели геометриски тела од жица;<br>• Модели геометриски тела од дрво (квадар, коцка, цилиндар, конус, пирамида и топка);<br>• Модели шупливи геометриски тела од пластика;<br>• Круг-дрвен (што може да се раздели на половина, третина, четвртина и сл.);<br>• Модел на цело – дропки;<br>• Линијар од 1 m со назначени cm и dm;<br>• Правоаголен триаголник со агол од 60 степени;<br>• Танграм;<br>• Модели на квадратен дециметар и квадратен метар;<br>• CD Збирки задачи. |
| **Природни науки** | • Микроскоп со статив (зголе мување над 100х);<br>• Линијар;<br>• Лупа;<br>• Ножички;<br>• Компас;<br>• Батерии, сијаличка;<br>• Училничка збирка на хербаризирани растенија (постојано се обновува);<br>• Училничка збирка на инсекти (постојано се обновува);<br>• Збирка на минерали: збирка на јаглени<br>• Збирка на метали. | • Термометар (за мерење температура на водата и воздухот);<br>• Вага;<br>• Пинцета;<br>• Стакларија (мензура, стаклени садови и епрувети со различни димензии);<br>• Стаклено ѕвоно;<br>• Хигрометар;<br>• Ветроказ;<br>• Магнетна прачка;<br>• Глобус;<br>• Географски карти (на светот)со различен размер;<br>• Магнетна игла;<br>• Килибар;<br>• Аван со различни големини;<br>• Шпиртна ламба;<br>• Барометар; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Ѕвонче;<br>• Призма;<br>• Звучна виљушка (со различни димензии–фреквенции);<br>• Аквариум;<br>• Слики, шеми (каширани, од пластика и др.) на објекти и процеси соодветно со наставните содржини;<br>• Слајдови, графо-фолии, дијафилмови на објекти и процеси соодветно со наставните содржини;<br>• Видеокасети, CD, DVD и DVX со содржини од наставната програма. |
| **Биологија** | • Компјутер;<br>• Проектор;<br>• Шкав за стаклен и лабараториски прибор;<br>• Лупа;<br>• Микроскопски препарати;<br>• Модел на цвет;<br>• Внатрешни органи;<br>• Слики и шеми;<br>• Предметни и покровни стакленца;<br>• Епрувети;<br>• Лабараториски прибор;<br>• Хемикалии за експерименти.<br>• LCD проектор;<br>• Лаптоп. | • Телевизор;<br>• Видеокамера;<br>• Едукативни видео софтвери;<br>• Микроскопи со зголемување до 1000 пати;<br>• Електронски микроскопи со зголемубање до 200 пати DIGITAL BLUE;<br>• Аквариум со додатен прибор;<br>• Терариум со додатен прибор;<br>• Шкаф за препарати и хемикалии;<br>• Термометар;<br>• Електрично решо;<br>• Спиртна ламба;<br>• Микроскопски препарати од хромозоми, делба на клетка, кариотип, кариограм;<br>• Пластичен скелет на човек;<br>• Микроскопски игли;<br>• Прибор за дисекција. |
| **Физика** | • LCD проектор;<br>• Ножица;<br>• Чекан од 200 g;<br>• Стаклени цевки разни;<br>• Мензури од 20,50,100,500,1000 ml;<br>• Мензура конусна 250 ml;<br>• Пипета 10 и 25 ml 21;<br>• Стаклени лабараториски чаши;<br>• Стаклени цилиндрични садови;<br>• Стаклена инка 5-8 cm;<br>• Шприц шише од 1 l ;<br>• Триножница;<br>• Азбестни мрежички;<br>• Шпиритус литар;<br>• Саатно стакло;<br>• Филтер хартија – табаци.<br>**VIII одделение**<br>• Дрвен метар; | • Чекан од 100 g;<br>• Стаклени кади разни;<br>• Епрувети обични;<br>• Епрувети поголеми;<br>• Електрично решо;<br>• Пинцета мала и голема;<br>• Дрвени штипки;<br>• Електрични проводници разни метар;<br>• Шпиртна ламба;<br>• Коцки со страна 1 cm од разни материјали;<br>• Термометар демонстрационен;<br>• Електрометри;<br>• Интерфејс со комплет сензори (пакет по физика). |

| | | |
|---|---|---|
| | • Демонстрационен нониус;<br>• Шублер;<br>• Микрометарски винт од 0-25 mm;<br>• Лабораториска техничка вага со тегови;<br>• Динамометри;<br>• Универзални стативи;<br>• Статив-демонстрирање сложување на сили;<br>• Лостови со тегови за лостови;<br>• Еластична спирала;<br>• Трговска терезија со тегови;<br>• Хидростатичка вага;<br>• Висок;<br>• Либела;<br>• Наведена рамнина;<br>• Њутнова цевка;<br>• Прибор за демонстрирање на движења;<br>• Прибор за демонстрирање слободно паѓање;<br>• Прибор за Паскалов закон;<br>• Модел на хидраулична преса;<br>• Прибор за хидростатички притисок;<br>• Макари со комплет тегови;<br>• Пирометар;<br>• Гравизандов прстен;<br>• Калориметар.<br>**IX одделение**<br>• Стаклена прачка за електризирање;<br>• Ебонитна прачка за електризирање;<br>• Електроскоп;<br>• Изолирани стативи;<br>• Инфлуентна машина;<br>• Кондензатори (плочест, Лајденска чаша,променлив);<br>• Волтин елемент;<br>• Лекланшеов елемент;<br>• Амперметар за права струја од 1А и 5А;<br>• Амперметар за наизменична струја;<br>• Милиамперметар;<br>• Волтметар за права струја; | |

| | | |
|---|---|---|
| | • Волтметар за наизменична струја;<br>• Галванометар;<br>• Отпорници со лизгач разни;<br>• Отпорници со рачка;<br>• Отпорници со чепови;<br>• Осигурувачи;<br>• Обични прекинувачи;<br>• Гарнитура магнетни прачки;<br>• Потковичест магнет;<br>• Мали магнетни игли;<br>• Компас примерок;<br>• Прибор за магнетно поле на прав проводник;<br>• Прибор за магнетно поле на кружен проводник;<br>• Прибор за магнетно поле на соленоид;<br>• Модел на електромотор;<br>• Демонстрационен трансформатор;<br>• Модел на трофазен генератор;<br>• Електромагнетно реле;<br>• Оптичка клупа со прибор;<br>• Рамно огледало;<br>• Комплет сферни огледала;<br>• Метални сферни огледала;<br>• Оптички леќи;<br>• Оптички призми;<br>• Лупа;<br>• Звучни вилушки со резонатор;<br>• Гајгер-Милеров бројач.<br>**Збирки, комплети за вежби и демонстрации**<br>• Комплет за вежби за VIII одд.<br>• Комплет за вежби за IX одд.<br>• Комплети за вежби од механика.<br>**Слики и шеми**<br>• Слика со мерни единици во SI. | |
| **Хемија** | • 3 мензури;<br>• 4 пипети;<br>• 3 стаклени чаши;<br>• Филтерна хартија;<br>• Кутија со руди-минерали;<br>• Триножник;<br>• Хемикалии (натриум хидроксид, азотна киселина); | • Лакмусови хартии (црвени и сини);<br>• Термометар- лабораториски;<br>• Магнезиумовалента;<br>• Етанол. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Порцеланско аванче со толчник;<br>• Ерленмаери - 2;<br>• Колба со овално дно;<br>• Епрувети - 5;<br>• Стаклени инки - 2;<br>• Стаклени прачки -2;<br>• Периодни системи - 3;<br>• Лаптоп;<br>• Шкаф за епрувети, шишенца соли, јодна тинктура, pH - универзален индикатор. | |
| **Географија** | • LCD проектор.<br>**ЅИДНИ КАРТИ:**<br>• Физичко-географска карта на светот;<br>• Физичко-географска карта на Европа;<br>• Физичко-географска карта на Средоземјето;<br>• Физичко-географска карта на Азија;<br>• Физичко-географска карта на Африка;<br>• Физичко-географска карта на Северна Америка;<br>• Физичко-географска карта на Австралија. | **ЅИДНИ КАРТИ:**<br>• Западна Земјина полутопка;<br>• Источна Земјина полутопка;<br>• Политичка карта на светот;<br>• Стопанската карта на светот;<br>• Сообраќајна карта на светот;<br>• Карта за распространетоста на расите и народите на светот;<br>• Карта за распространетоста на растителниот и животинскиот свет во светот;<br>• Политичката карта на Европа;<br>• Стопанска карта на Европа;<br>• Физичко-географска карта на Балканскиот Полуостров;<br>• Политичка карта на Азија;<br>• Стопанска карта на Азија;<br>• Политичка карта на Африка;<br>• Стопанска карта на Африка;<br>• Физичко-географска карта на копното Америка;<br>• Политичка карта на копното Америка;<br>• Политичка карта на Северна Америка;<br>• Стопанска карта на Северна Америка;<br>• Физичко-географска карта на Јужна Америка;<br>• Политичка карта на Јужна Америка;<br>• Стопанска карта на Јужна Америка;<br>• Физичко-географска карта на САД;<br>• Стопанска карта на САД;<br>• Физичко-географска карта на Австралија со Океанија;<br>• Политичка карта на Австралија со Океанија;<br>• Стопанска карта на Австралија;<br>• Физичко-географска карта на поларните области.<br>**ЦД ПРИМЕРОК:**<br>• Растителен и животински свет на Земјата;<br>• Графичко претставување на Земјината површина;<br>• Население и населби на Земјата; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Државите во Европа: Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Бугарија, Грција, Албанија, Италија, Шпанија, Португалија, Романија,Унгарија, Австрија, Чешка, Полска, Словачка, СР Германија, Швајцарија, Франција, Велика Британија, Бенелукс, Норвешка, Шведска, Финска, Исланд и Руска Федерација;<br>• Источна Азија, Југоисточна Азија, Јужна Азија, Југозападна Азија и Централна Азија;<br>• Северна Африка, Египет, Екваторијална Африка и Заир, Јужна Африка и ЈАР;<br>• Северна Америка, САД, Канада, Мексико; Средна Америка, Јужна Америка и Бразил;<br>• Австралија со Океанија и Австралија;<br>• Поларни области. |
| **Историја** | • LCD проектор.<br><br>**ИСТОРИСКИ КАРТИ:**<br>• Појава на човекот и создавање на првите човечки општества;<br>• Нашите земји во римскиот период;<br>• Европа во првата половина на XIX век (1815 – 1849 г.);<br>• Римската држава во стариот век;<br>• Големите географски откритија;<br>• Самуилово царство;<br>• Македонија во време на Илинденското востание. | **ИСТОРИСКИ КАРТИ:**<br>• Египет и Месопотамија;<br>• Римската држава во стариот век;<br>• Создавање и развиток на македонската држава во стариот век;<br>• Илирски и епирски племиња во античко време;<br>• Појава на човекот и првите цивилизации.<br>• Големите географски откритија (уште 1 примерок);<br>• Самуиловото царство (уште 1 примерок;<br>• Македонија во време на Илинденското востание (уште 1 примерок).<br>**ИЛУСТИРАН ИСТОРИСКИ МАТЕРИЈАЛ:**<br>• Човек – собирач на плодови и ловец;<br>• Создавање на класното општество (појава на занаети, размена);<br>• Личности во стариот век (Аристотел, Филип II, Перикле, Демостен, Гај Јулие Цезар);<br>• Културата на античкиот свет.<br>**ДРУГИ НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА:**<br>• Историски читанки;<br>• Полици за чување на книги.<br>• Историски атлас. |
| **Граѓанско образование** | • Шкаф за чување на техничките средства и помагала;<br>• LCD проектор;<br>• Конвенција за правата на децата. | • Универзална декларација за човековите права;<br>• Европска конвенција за човековите права;<br>• Устав на РСМ;<br>• Книги за историјата на развојот на демократските процеси, човековите права и граѓанските слободи;<br>• ДВД за:<br>- Човекот, човековите права и одговорности;<br>- Демократија и граѓанското општество;<br>- Европска Унија;<br>- Власт; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Конфликт, насилство;<br>- Медиуми. |
| **Етика** | • Етички текстови;<br>• Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери согласно наставната програма;<br>• Аудио-визуелни средства и други средства соодветни за предметот. | • Етички речник;<br>• Списанија и публикации поврзанаи со етиката. |
| **Техничко образование** | • Сообраќајни знаци;<br>• Семафор;<br>• Помошна табла и маркери;<br>• Наставни средства за демонстрација: макети и модели;<br>• Материјали за градба на модели;<br>• Папка за вешто водење;<br>• Други материјали за работа. | • Основен алат и прибор во работилница;<br>• Дупчалка - електрична;<br>• Графофолии — различни според наставната програма;<br>• CO,DVD ,DVX со наставни содржини;<br>• Аудио-визуелни средства и други средства соодветни за предметот;<br>• Велосипед со мотор. |
| **Информатика** | • Сервер компјутер;<br>• 1 PC компјутер и 14 работни станици;<br>• Тастатури (USB QWERTY);<br>• Глувчиња (USB Optical Black Mouse со скрол);<br>• Опрема за Интернет и мрежно поврзување;<br>• Лаптоп;<br>• Скенер;<br>• Статичен LCD проектор;<br>• Рутер за Интернет;<br>• Оптички уред DVD+/-RW Drive;<br>• Системски и апликативен софтвер според наставната програма по информатика. | • Дигитален уред со следните карактеристики:<br>- Процесор (Минимум процесор со базичн<br>- фреквенција од минимум 4.10GHz, 9Mb кеш меморија и 4 јадра /4 нишки);<br>- Меморија (Минимум 6 Gb 2666MHz DDR4, надоградлива до минимум 32Gb);<br>- Хард диск (Минимум 1TB 3.5” 7200 RPM SATA III Hard Drive или еквивалентно);<br>- Интегрирана графичка и аудио карта.<br>• Мрежна конекција (Минимум 1 ГБ( 10/100/1000 Мб/с)поддршка за PXE);<br>• Штампач (црно-бел ласерски 1);<br>• Сервер со следните карактеристики:<br>- Процесор (Минимум процесор со базична<br>- фреквенција од минимум 4.10GHz, 9Mb кеш меморија и 8 јадра /8 нишки);<br>- Меморија (Минимум 16Gb 2666MHz DDR4, надоградлива до минимум 32Gb);<br>- Хард диск (Минимум 8 TB 3.5” 7200 RPM SATA III Hard Drive или еквивалентно). |
| **Ликовно образование** | • Подлога за работа со глина;<br>• Шкаф за гипсени модели и друга опрема;<br>• Потрошен материјал;<br>• Стручна литература од областа на ликовната уметност; | • Шпакли за моделирање од дрво и пластика;<br>• Стакло;<br>• Плексиглас;<br>• Метална плоча, валјак, преса за висок печат, печатарски бои;<br>• Длета за линорез;<br>• Скенер;<br>• Телевизор; |

| | | |
|---|---|---|
| | • Педагошка литература, методики за наставата по ликовна уметност. | • Аудиосистем со ЦД;<br>• ДВД плеер;<br>• Фотографии на познати македонски и светски уметници;<br>• Антички гипсени модели;<br>• ЦД со дигитална верзија на уметнички дела од различни периоди, стилски правци и претставници;<br>• ЦД со поставки на големите музеи со дела од ликовната уметност. |
| **Музичко образование** | • Клавир-пијано;<br>• Мандолини;<br>• Мандоли;<br>• Орфови инструменти;<br>• Шкаф за музички инструменти;<br>• Блутут звучник;<br>• Стручна литература од областа на музичката уметност;<br>• Педагошка литература, методики за наставата по музичка уметност . | • Гитари;<br>• Контрабас;<br>• Хармоники;<br>• Музички систем со касетофон и ЦД;<br>• Слики на композитори, репродуктивци и музички инструменти, фотографии, апликации и слично;<br>• Потрошен материјал жици и резервни делови за инструменти по потреба;<br>• Озвучување: Mixer 2x 100W, звучници 2X 150W, сталки за звучници, 2 мирофони со сталки и кабли x3;<br>• Лаптоп<br>• Компјутерски звучници.<br>• ЛЦД проектор<br>• Табла со петолиние.<br>• Метроном;<br>• Едукативни софтвери за поддршка на програмските содржини. |
| **Физичко и здравствено образование** | • Рипсоли (24);<br>• Стапови за качување (2);<br>• Душеци (4 );<br>• Висока греда (1);<br>• Отскочна даска (1);<br>• Медицинки од 1 до 2 kg (1);<br>• Мали јажиња за скокање долги 1,5 m до 2,3 m, дебелина 0,75 m (3);<br>• Топки за одбојка (1);<br>• Топки за ракомет (1);<br>• Топки за кошарка (8);<br>• Топки за фудбал (1);<br>• Обрачи – пречник 60 cm, дебелина 2 cm (2);<br>• Табла за пинг-понг;<br>• Мрежа за пинг- понг табла.<br>• Мрежи за одбојка - со стативи (1);<br>• Мрежи за ракомет - за гол (1); | • Јажиња за качување долги 5 до 5,5m;<br>• Гимнастички палки долги 90cm, дебели 2,5cm;<br>• Медицинки од 1 до 2 kg;<br>• Топки за одбојка;<br>• Топки за ракомет;<br>• Топки за кошарка;<br>• Топки за фудбал;<br>• Мали топчиња – полнети со пречник од 8-10cm, тежина 150-200 g:<br>• Мали гумени топчиња – пречник од 8 cm;<br>• Топки – пластични (големи како топка за ракомет);<br>• Јажиња за скокање долги 1,5m, до 2,3m (според височината на учениците), дебели 0,75 cm;<br>• Јаже за надвлекување – долго 10m, дебело 4-cm;<br>• Долги јажиња од 8m дебелина, 2cm за прескокнување;<br>• Обрачи – пречник 60cm, дебелина 2cm;<br>• Ѓулиња – сообразно со наставнатапрограма и возраста на учениците: од 2 kg, од 3 kg, од 4 kg;<br>• Стативи за скокање во височина; |

| | | |
|---|---|---|
| | • Кошаркашки табли и мрежи за кошарка - за кош (4);<br>• Мрежи за фудбал – за гол (1);<br>• Маркери– за одбележување на учениците за време на игра и натпревар во две бои (20);<br>• Штоперици (1);<br>• Лаптоп. | • Вреќички со песок– од 250g. до 1kg;<br>• Прописни штафетни палки;<br>• Стартни блокови;<br>• Пречки – височина 10-15cm;<br>• Мека доскочна површина (душек) за скокање во височина со димензии: 2,5mx 2,5m височина 70cm;<br>• Ѕидни кинограми за атлетика и гимнастика;<br>• Летви за скокање во височина од алуминиум;<br>• Мета за гаѓање во цел (за проверка на прецизноста);<br>• Челичен метар од 25 m. |

## 2.5. Материјално – финансиско работење на училиштето

Финансиските средства за редовното работење на училиштето и за обезбедување на основни услови за работа се одобруваат од централниот буџет. Висината на овие средства се определуваат според критериумите број на ученици, квадратура и бројот на смени на училиштето.

Финансиските средства потребни за редовно работење училиштето ги планира со годишниот предлог - финансиски план. Усогласување на висината на средствата, како и видот на намената се врши на ниво на буџетот на Општината, кој е пак лимитиран од Централниот буџет за фискалната година.

Училиштето распоредените средства за материјални трошоци ги троши рационално и наменски за набавки на:

- Наставно - образовни помагала;
- Набавка на ИКТ опрема;
- Набавка на инвентар;
- Збогатување на библиотечниот фонд;
- Семинари и обуки на наставниците;
- Подобрување на просторните и други услови за работа во училиштето.

Училиштето ги планира приоритетите за подобрување на материјално - техничките услови за учење и работа во склад со реалните можности.

За да се обезбедат дополнителни средства за поставените приоритети за подобрување на условите за работа и унапредување на воспитно-образовниотпроцес, училиштето:

- Планира средства од дополнителни извори на финансии со аплицирање во разни проекти, притоа може да се обезбедат донации од домашни или странски организации;
- Во соработка со Советот на родители, реализира разни дополнителни активности (хепенинг и друго).

# 3. ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, НАСТАВЕН ПЛАН И НАСТАВНА ПРОГРАМА

ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје, општина Ѓорче Петров е општинско основно училиште во кое се реализира наставниот план и наставни програми за деветгодишно основно образование.

| Подрачје на работа за кое што е верификувано училиштето | Наставен план и програми | Основано од | Верификационен број | Година на верификација |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование (општо образование) | Наставен план за деветгодишно основно образование (БРО) Наставни програми (донесени од министер за образование и наука) | Народен фронт на скопска околија 15.11.1945 | 11- 587 | 1986 год. |

**Наставниот план за деветгодишно основно образование** го изработува Бирото за развој на образованието пред почетокот на секоја учевбна година. Согласно наставниот план за основно образование, во ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје во изминатите 4 учебни години се изучуваа следниве наставни предмети:

| Задолжителни предмети | Изборни предмети |
|---|---|
| ➢ Македонски јазик (1 – 9 одд.)<br>➢ Математика (1 – 9 одд.)<br>➢ Англиски јазик (1 – 9 одд.)<br>➢ Втор странски јазик Француски јазик (6 – 9 одд.)<br>➢ Ликовно образование (1 – 9 одд.)<br>➢ Музичко образование (1 – 9 одд.)<br>➢ Природни науки (1 – 6 одд.)<br>➢ Техничко образование (4 – 6 одд.)<br>➢ Работа со компјутер и основи на програмирањето (3 – 5 одд.)<br>➢ Информатика (6 – 7 одд.)<br>➢ Општество (1 – 5 одд.)<br>➢ Географија (6 – 9 одд.)<br>➢ Историја (6 – 9 одд.)<br>➢ Етика (7 одд.)<br>➢ Граѓанско образование (8 – 9 одд.)<br>➢ Биологија (7 – 9 одд.)<br>➢ Физика (8 – 9 одд.)<br>➢ Хемија (8 – 9 одд.)<br>➢ Иновации (9 одд.)<br>➢ Физичко и здравствено образование (1 – 9 одд.) | ➢ Творештво (4 – 5 одд.)<br>➢ Етика на религии (6 одд.)<br>➢ Запознавање на религиите (6 одд.)<br>➢ Класична култура во европс. цивилизац. (6 одд.)<br>➢ Нашата татковина (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Воспитание за околината (7, 9 или 9 одд.)<br>➢ Истражување на родниот крај (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Танци и народни ора (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Проекти од музичката уметност (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Проекти од ликовната уметност (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Техничко образование (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Проекти од информатиката (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Изборен спорт (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Унапредување на здравјето (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Вештини за живеење (7, 8 или 9 одд.)<br>➢ Програмирање (8 или 9 одд.) |

Согласно наставниот план, со учениците од 2 – 9 одд. се реализира Час на одделенската заедница со обработка на работилници од Програмата „Образование за животни вештини“.

Исто така, со учениците од 2 – 9 одд. се реализра дополнителна настава и додатна настава, а со ученици од 6 – 9 одд. се реализираат часови за училишен хор и училишен оркестар.

**Наставните програми** опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за наставата за секое одделение, конкретни цели по програмски подрачја со дадени содржини, поими, активности и методи. Покрај тоа, наставните програми содржат: дидактички препораки, оценување на постигањата на учениците, просторни услови за реализирање на наставната програма и норматив за наставен кадар.

Според Концепцијата за основно образование и воспитание, а согласно член 40 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), во ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје се реализира **проширена програма**. Проширената програма на училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжителен престој согласно закон.

По претходно добиена согласност од Министерството за образование и наука, во текот на учебната 2020/21 година ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје организира настава со продолжен престој со ученици од иста паралелка од прво до трето одделение. Во продолжен престој учениците се вклучуваат по барање на родителот, односно старателот. Во текот на целиот престој, за учениците се организира настава согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка, што го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Училиштето активно организира и реализира вонннаставни активности како: слободни ученички активности (секции), екскурзии, натпревари, јавна и културна дејност, општествено – корисна работа, како и активности на Ученичкиот парламент, Правен клуб, Училишниот клуб на Црвен Крст и Детската организација.

Оваа учебна 2020 / 21 година во училиштето учат 726 ученици од 1 – 9 одд. кои се распоредени во 31 паралелка.

Бројот на ученици во изминатите четири години се движи од 735 до 784 со тенденција на постојано намалување.

**ПРЕГЛЕД НА БРОЈНАТА СОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ**
**НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА**
**(последните 4 учебни години)**

| Учебна година | Број на паралелки | Прв период (1 – 3 одд.) | Втор период (4 – 6 одд.) | Трет период (7 – 9 одд.) | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016 / 17 | 31 | 235 | 281 | 268 | 784 |
| 2017 / 18 | 31 | 259 | 245 | 270 | 774 |
| 2018 / 19 | 31 | 232 | 226 | 291 | 749 |
| 2019 / 20 | 31 | 241 | 229 | 265 | 735 |

# 4. ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ПРЕТХОДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

## 4.1. Самоевалуација на основното училиште

Последната самоевалуација на училиштето е спроведена во период јуни - октомври, 2019 година. Самоевалуацијата ја спроведуваше Училишна комисија, која по предлог на директорот, беше формирана од Училишниот одбор. При изработката на самоевалуацијата, Училишната комисија имаше успешна соработка со седум тимови од одделенски наставници и предметни наставници формирани според седумте подрачја. Тимовите имаа свои координатори, редовно се состануваа и работеа на своите подрачја. Училишната комисија и тимовите во текот на изработката на самоевалуацијата ги побараа и ги имаа на увид сите потребни документи и евиденцијата во училиштето. За секое подрачје, тимовите детално ги обработуваа своите подрачје, изнесуваа слаби и јаки страни, вршеа анализа на резултатите и планираа идни активности што ќе бидат спроведени.

Во следната табела се внесени резултатите од последната извршена самоевалуација на работата на основното училиште по подрачја што се внесени во документот „Самоевалуација, 2019“.

| **Подрачје** | **Резултати** | |
|---|---|---|
| | **Клучни јаки страни** | **Слабости** |
| **Наставни планови и програми** | • Успешно реализирање на Проширената програма на училиштето;<br>• Успешно интегрирање на еколошка едукација во наставните планови и програми од страна на наставниците;<br>• Планирање и реализирање разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците;<br>• Учениците учествуваат на конкурси и натпревари во училиштето и надвор од него, каде постигнуваат солидни резултати;<br>• Училиштето прави напори за едуцирање на наставниот кадар за изработка на Индивидуални образовни планови за работа со деца со посебни образовни потреби (ИОП). | • Недоволна реализација на заеднички активности за меѓуетничка интеграција со партнерското училиште;<br>• Недоволен интерес кај наставниците и родителите за покренување писмена иницијатива за промена на наставните планови и програми одобрени од МОН. |
| **Постигнувања на учениците** | • Успешно детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето);<br>• Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава; | • Наставниците не се доволно едуцирани за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;<br>• Недоволна обученост на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици; |

| | | |
|---|---|---|
| | • Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето;<br>• Целосен опфат на учениците според пропишаната реонизација;<br>• Нема осипување на ученици од училиштето;<br>• Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште;<br>• Наставниците преземаат континуирани активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;<br>• Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците;<br>• Училиштето ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста. | • Дел од учениците од VIII и IX одделение неоправдано отсуству-ваат од редовната настава и го зголемуваат бројот на неоправ-дани изостаноци на ниво на училиште. |
| **Учење и настава** | • Успешно и квалитетно изработена Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Целосна реализација на Годишната програма за работа на училиштето (полугодишни и годишни извештаи);<br>• Квалитетно изработени Годишни програми на наставниците;<br>• Успешна соработка на наставниците со стручните соработници;<br>• Реализација на планираните воннаставни активности во училиштето;<br>• Примена и почитување на Правилници и кодекси;<br>• Изработени анализи на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците;<br>• Реализација на Годишна програма за работа на Совет на родители на училиштето;<br>• Континуирана соработка со родителите;<br>• Родителите, навреме и детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува право на приговор. | • Оштетување на компјутерската опрема од страна на учениците и ненавремена замена на истата;<br>• Недостаток на обуки и семинари за наставниот кадар и стручните соработници организирани од БРО и МОН;<br>• Наставниците недоволно применуваат техники и активности со диференциран пристап. |

| | | |
|---|---|---|
| **Поддршка на учениците** | • Формите и активностите кои се користат за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштитата на машките и женските деца, вклучувајки ги и оние со посебни образовни потреби, се ефективни, иако секогаш има простор за напредување во оваа област;<br>• Во училиштето постои тим одговорен за превенција од насилство со соодветна програма за работа;<br>• Постои добра соработка со институции (Поликлиника Ѓорче Петров, ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“, МВР и ПС Ѓорче Петров, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, средни училишта и др.);<br>• Се организираат хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици и ученици на кои им е потребна помош за лекување;<br>• Училиштето ги идентификува и следи учениците со физички и ментални здравствени проблеми и оние со посебни образовни потреби;<br>• Во однос на учениците кои имаат здравствени проблеми се превземаат мерки во согласност со можностите на училиштето;<br>• Училиштето им помага на машките и женските ученици во изборот на нивното понатамошно образование;<br>• Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение. Истата по потреба е достапна за наставниците, родителите и учениците;<br>• Училиштето ги информира учениците и родителите за давање поддршка од страна на стручната служба. | • Недоволна обученост на наставниот кадар за давање прва помош на ученици при несреќни случаи;<br>• При метеоролошки промени се шири непријатна миризба од училишните тоалети; па заради тоа потребно е да се изврши интервен-ција на мрежата за одвод;<br>• Училиштето нема пропишан документ во кој се дефинирани сите облици на психичко и физичко насилство, како да се препознаваат лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат деца и возрасни во такви ситуации. |
| **Клима во училиштето** | • Училиштето има своја химна, грб и знаме;<br>• Изработени кодекси и правилници;<br>• Одговорност и стручност на наставниот кадар;<br>• Постои солидна соработка меѓу вработените во училиштето;<br>• Наставниот кадар има професионален | • Недоволно почитување на Кодексот за наставници и учени-ци за користење на компјутери во училиштето, односно оштетување на компјутерската опрема и ненавремено превземање соод-ветни мерки за надоместување на направената штета. |

| | | |
|---|---|---|
| | однос кон учениците и родителите;<br>• Учениците учествуваат и имаат освоено голем број награди на општински, регионални и државни натпревари;<br>• Односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување без разлика на пол, етничка и социјална припадност;<br>• Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Ѓорче Петров, Биро за развој на образованието (БРО), Министерство за образование и наука (МОН), ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, Министерство за внатрешни работи, Полициска станица Ѓорче Птеров и други институции;<br>• Училиштето е отворено за соработка со локалната средина и ги вклучува родителите и пошироката заедница во воспитно-образовниот процес. | |
| **Ресурси** | • Училиштето располага со адекватни простории и училници. Планот на училишната зграда е според сите стандарди;<br>• Училишната зграда има помошни излези во случај на евакуација;<br>• Во училишниот двор има адаптирано катче за одржување настава во надворешни услови (летна училница);<br>• Училиштето континуирано обезбедува фотокопирски услуги на наставниот кадар;<br>• Училиштето ги следи развојните потреби на наставниот кадар и согласно одобрени средства во училишниот буџет организира интерни обуки со надворешни обучувачи и се обезбедува учество на екстерни обуки за наставниот кадар. | • Недоволна снабденост на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити;<br>• Недоволна снабденост на библиотеката со стручна литература и лектирни изданија;<br>• Недостаток на нагледни средства, лабораториски прибор за полесно совладување на природните науки (хемија, физика, биологија, географија) и технички помагала (лаптоп комјутери, ЛЦД проектори, ласерски печатачи);<br>• Недостаток од потребен потрошен материјал за успешна реализација на активностите во наставниот процес (бела хартија, хартија во боја, хамери, фломастери, маркери, креди во боја);<br>• Недостаток на клима уреди во некои канцеларии и во училниците што се изложени на интензивно сончево осветлување;<br>• Застарени и исушени тревни површина во училишниот двор;<br>• Училиштето се соочува со потешкотии при обезбедување |

| | | |
|---|---|---|
| | | замена за наставници кои отсуствуваат од работа подолго од еден ден (кратки боледувања) заради административни процеду-ри, односно заради барање согласност од основачот и начин на пријавување на замената преку посредување во агенција за вработување. |
| **Раководење, управување и креирање политики** | • Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;<br>• Добра соработка помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор;<br>• Континуирана соработка на директорот со Советот на родители;<br>• Постои конструктивна професионална соработка на раководниот орган со стручните соработници, Наставничкиот совет, Стручните активи и административно – техничкиот персонал;<br>• Вклученост на училиштето во проекти од различни области;<br>• Успешна реализација на приоритетите планирани во последната Програма за развој на училиштето. | • Недостаток од финансиски средства за набавка на потрошни материјали и наставно – нагледни средства и други технички помагала;<br>• Недостаток на обуки и семинари за наставниците од страна на Министер-ството за образование и наука и Бирото за развој на образованието наменети за унапредување на наставниот процес согласно современите трендови во образованието. |

## 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

Во следната табела се внесени согледувања од Државниот просветен инспекторат од последната Интегрална евалуација на училиштето која што е реализирана во период од 08 – 10.10.2018 година.

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Наставниот процес во ООУ„Мирче Ацев“, Општина Ѓорче Петров – Скопје, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат.<br>Во редовната настава вклучени се 5 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна здравствена институција. За работа со овие ученици училиштето има формирано инклузивен тим, составен од стручните соработници во училиштето (дефектолог, педагог и психолог), 3 одделенски наставниците и 2 предметни наставници кои реализираат настава во тие паралелки. Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите и по претходно добиена нивна согласност, изработува |

| | |
|---|---|
| | Индивидуален образовен план за работа со овие ученици. Согласно со дидактичките упатства добиени од дефектологот и согласно со пропишаната процедура за изготвување на Индивидуален образовен план, дел од наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат.<br>Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети, според нивните интереси и потреби. Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање и се почитува изборот од страна на учениците и родителите. По спроведената постапка, училиштето го известува основачот, Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО) за бројот на ученици и формирани групи по секој изборен предмет.<br>Во училиштето се реализира проширена програма која опфаќа настава со продолжен престој за вкупно 172 ученици од прво до трето одделение, распоредени во 7 паралелки. Училиштето ги информира родителите на учениците од прво до трето одделение за можноста учениците да се прифатат и згрижат еден час пред и по наставата, за што родителите се изјасниле дека имаат потреба од истото.<br>Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ „Бајрам Шабани“ - с. Кондово, Општина Сарај – Скопје. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебно организирање на посети и реализација на повеќе заеднички активности.<br>Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.<br>Училиштето е вклучено во реализација на повеќе проекти и редовно се вклучува во еколошки акции организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски манифестации и натпревари, во манифестацијата организирана по повод денот на општината и при прослава на други значајни настани.<br>Училиштето нема покренато писмена иницијатива до релевантните институции за изменување, дополнување или иновирање наставни планови и програми.<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето организира заеднички воннаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како училишен информатор „Бумеранг“, веб страната на училиштето, општински весник, пишани медиуми и промоција на националните телевизии.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии, како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер.<br>Во ООУ„Мирче Ацев“, Општина Ѓорче Петров – Скопје, основан е училиштен спортски клуб со целосен назив „МИРЧЕ АЦЕВ 2015“ со датум на основање од 06.04.2015 годинагодина. Спортскиот клуб е активен и има вклучено вкупно 120 ученици, во 10 спортски дисциплини и тоа: фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг, тенис, шах, карате, пливање и атлетика. |

| | |
|---|---|
| **Постигнувања на учениците** | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.<br>Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува 4,51.<br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока.<br>Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надерените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Голем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области.<br>Во последните три учебни години постигањата на учениците се солидни. Учениците редовно учествуваат на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Постои утврдена процедура на ниво на Општина Ѓорче Петров за запишување ученици во прво одделение. Истата содржи инструменти и активности кои овозможуваат целосен опфат на учениците од својот реон. Процедурата е усвоена од училишните органи и училиштето постапува согласно со неа.<br>Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци, за опфатот на учениците што завршиле во училиштето при преминот во средно образование. Располага со податоци за опфатот на учениците во повисоко ниво на образование, за сите ученици и редовно доставува известување до Државниот просветен инспекторат.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Според споредбените анализи бројот на неоправдани изостаноци има тенденција на големо намалување, а бројот на оправданите изостаноци е во тенденција на зголемување. Причина за зголемениот број на оправдани изостаноци се сезонските заболувања кај учениците.<br>Согласно со утврдените потреби и изготвен план, училишниот психолог реализира советувања со родители и ученици за кои води уредна евиденција. Според статистиките и анализите што ги изготвува психологот, може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти.<br>Во училиштето нема појава на осипување на учениците. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години вкупно 79 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 55 ученици се запишале во ова училиште.<br>Од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години, нема ученици кои ја повторувале годината. |

| | |
|---|---|
| **Учење и настава** | Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од Биро за развој на образованието, утврдени од Министерот за образование и наука. Во согласност со тематските планирања, наставниците изработуваат оперативни планирања за наставен час. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај најголем дел од нив недостасуваат диференцирани цели и активности за работа со талентираните ученици и со учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата.<br>Распоредот на часови за предметна настава е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за одделенска настава го изготвуваат наставниците од активите за одделенска настава, по генерации од I до V одделение. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.<br>Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците. Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Поголем дел од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Постои интеракција наставник-ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик-ученик. Поголем дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Училиштето располага со 58 функционални работни места-монитори за учениците од IV-IX одделение, распоредени во 9 училници и 76 функционални ученички мини лап-топ компјутери за учениците од I-III одделение, распоредени во 8 училници. За примена на ИКТ во наставата, училиштето користи и 8 функционални мобилни ЛЦД проектори, 4 статични ЛЦД проектори и 1 смарт телевизор. Во училиштето, во повеќето училници и административни простории има интернет врска. Најголем дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација реализирани беа мал број на часови со примена на ИКТ.<br>Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди.<br>Учениците и родителите, училиштето го доживуваат како безбедна средина за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.<br>Учениците сметаат дека по повеќето предмети се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во демократско и мултикултурно |

| | |
|---|---|
| | општество. За време на часот најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Со реализацијата на еко-проектот, односно точките на акција од воспоставените стандарди, учениците преземаат одговорност и се подига свеста во поглед на штедење на природните ресурси и зачувување на природната средина.<br>Наставниот кадар и стручната служба, системски ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумите на оценување на постигањата на учениците се според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети. Најголем број на наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот е согласно со изготвениот Индивидуален образовен план.<br>Континуирано се прибираат информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците. Наставниците на транспарентен начин ги известуваат родителите и учениците за оценката и се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по периоди. За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби, а се организира и „отворен ден“ за прием на родителите од страна на сите наставници. |
| **Поддршка на учениците** | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. И просторот и учениците се осигурани преку осигурителни компании. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи. Исто така, училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт План за заштита и спасување од природни непогоди и несреќи и изведува интерни симулации за постапување во случај на елементарна непогода. Во училиштето функционира видео надзор, има поставено хидранти и ПП апарати, редовно сервисирани од овластена надлежна институција.<br>Во училиштето постојат пишани документи како Куќен ред и Кодекс на однесување, Правилник за педагошки мерки. Има организирани редовни дежурства на наставниците.<br>Во училиштето се врши подготвување на храна во вид на појадок, топол оброк и бели пецива за учениците од страна на фирма која е избрана на тендер.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Во зградата на училиштето има пристапна рампа на приземје кај помошниот влез, додека за првиот спрат нема пристапна рампа или лифт. Инвентарот во училниците не е соодветен на потребите на ученици со физичка попреченост и не постои тоалет приспособен за нив. Во училиштето нема ученици со физичка попреченост.<br>Училиштето спроведува активности за грижа за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства со собирање и дарување на облека, училишен прибор, обувки, храна.<br>Хигиената во училиштето е многу добра. Во училишниот двор и во секоја училница има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат |

| | |
|---|---|
| | отпадоците во нив. Училиштето има програма за здравствена заштита на учениците и сите реализирани активности се евидентираат во дневникот на паралелката. Се организираат предавања од стручни лица и систематски прегледи на учениците во поликлиника Ѓорче Петров. Училиштето има пропишани процедури за грижа за ученици кои подолго време отсуствуваат од редовна настава поради хронично заболување или посериозна повреда.<br>Запознавањето на учениците со можностите за понатамошно образование и професионалното насоќивање најчесто се врши од страна на наставниците, раководители на паралелки, педагогот и психологот. Училиштето е редовно посетувано од средни училишта кои им ги даваат потребните информации на учениците од деветтите одделенија и делат промотивен материјал.<br>Следењето на напредокот на учениците е добро. Во училиштето се води евиденција за постигањата на учениците, редовноста, поведението. Евиденцијата им е достапна на учениците, родителите на родителските средби и на отворените денови во училиштето. Податоците од следењето се внесуваат во педагошка евиденција и документација од страна на наставниците. Исто така, наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи кои се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. |
| **Клима во училиштето** | Училиштето е препознатливо во локалната заедница како редовен учесник и носител на многубројни настани и важи за промотор на културното живеење во општината. Учениците го негуваат мултикултурализмот и постигнуваат високи резултати преку современата настава.<br>Во училиштето има коректен и квалитетен однос и взаемно почитување меѓу наставниците и учениците и меѓу самите ученици од сите етнички заедници.<br>Училиштето има сопствена Визија и Мисија, а наставниците и учениците заеднички се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за постојана афирмација на училиштето.<br>Кај вработените во училиштето постои добар и професионален однос, со меѓусебна почит и добра меѓусебна соработка, како и соработка со стручната служба на училиштето која е на високо ниво.<br>Раководниот и наставниот кадар одржуваат постојано поттикнувачка атмосфера. Сите ученици, наставници и вработени во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени. Наставниот кадар ужива респект кај родителите.<br>Во училиштето има формирано Инклузивен тим кој работи и помага на учениците со посебни образовни потреби.<br>Преку Ученичката заедница учениците партиципираат во повеќе проекти од воспитно – образовен и социјално едукативен карактер.<br>Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето и во пошироката локална средина. Вработените ги поттикнуваат учениците да учествуваат на сите видови натпревари, конкурси, манифестации, приредби и слично, со тоа што истите се пофалуваат и се поддржуваат. Учениците со високи попстигања се промовираат јавно на свечености пред учениците, родителите и гостите, со давање на пригодни признанија и преку соопштенија кои се објавуваат на веб страната на училиштето и уредно се истакнати во ходниците и холот на училиштето.<br>Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за права на децата. Вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата. |

| | |
|---|---|
| **Ресурси** | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар. Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи, а според финансиските можности и приоритети се обновуваат и дополнуваат.<br>Училишната библиотека располага со вкупно 14 458 примероци на книги или 6 817 наслови. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден, а библиотекарот работи според изготвена Годишна програма за работа и согласно предвидената динамика во програмата.<br>Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, потребен за реализација на наставните и воннаставните активности, во рамки на финансиските можности.<br>Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализација на воспитно – образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно – образовниот процес со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на МОН, како и со нивно индивидуално професионално образување. Работата на наставниот кадар е соодветно поддржана од страна на административно – техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.<br>Стручната служба во училиштето е составена од психолог, педагог, дефектолог и библиотекар. Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација и реализација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и во давање на советодавна помош на учениците и родителите.<br>Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, а истите се евидентирани во Професионалните досиеја на наставниците.<br>Постапките за финанскиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и редовно ја информира локалната самоуправа преку полугодишниот и годишниот извештај за финанско работење. |
| **Раководење, управување и креирање политики** | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата, етничката и социјалната структура на членовите и водејќи сметка за културната средина во која се наоѓа училиштето. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана во Деловник за работа бр.01/296 – 34 од 2012 година. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес. Одборот има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција на образованието.<br>Раководниот орган (директор на училиштето) го следи воспитно – образовниот |

| | |
|---|---|
| | процес на училиштето и постигнувањата на учениците. Работи тимски и носи одлуки согласно закон во интерес на наставата и сите учесници вклучени во воспитно – образовната работа.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици. Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, вклученоста на родителите и вработените е многу добра, а вклученоста на учениците е добра. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничката интеграција, за насилството во училиштето и семејството, недискриминација, инклузивност, еколошко образование. Вработените активно учествуваат во креирањето и одобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките мислењето на родителите и на учениците од страна на училиштето се зема во предвид.<br>Целите на програмата за развој се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување вклученоста на наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница е добра. Училиштето има акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики на централно и на локално ниво, како и за целите во Самоевалуацијата на работата на училиштето. Училиштето има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.<br>Училиштето планира финансиски средства во согласност со потребите за стучно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно – образовниот процес. Видот на обуките е определен со програмата за професионален развој. Наставниците учествуваат во обуки организирани од страна на БРО и на самоиницијативни обуки.<br>Училиштето навреме ги детектира потребите од материјално – технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и истите оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно одржување.<br>Училиштето го ревидира планот за подробрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени средства за наменско инвестирање. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата за сите ученици. |
| **ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ** | • Наставниците во оперативните планирања за наставен час да планираат и користат диференцирани цели и активности за работа со учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици;<br>• Наставниците да реализираат интерактивна настава со поголема застапеност на интеракција ученик – ученик и да се зголеми обемот на примена на ИКТ во наставата;<br>• Да се спроведат симулативни вежби во случај на елементарни непогоди од Дирекцијата за заштита и спасување;<br>• Изготвување на индивидуални опетативни планирања за надарените ученици. |

# 5. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ (SWOT АНЛИЗА)

## 5.1. Локални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

Училиштето се наоѓа во градот Скопје, во урбаниот дел на општина Ѓорче Петров. Во близина на училиштето има градинка, стопански објекти и институции со кои училиштето континуирано соработува. Жителите во реонот претежно живеат во семејни куќи, а помал број живеат во станбени згради.

Сообраќајната инфраструктура континуирано се реконструира и тековно се одржува. Заради безбедно движење на учениците, на улицата „Борис Сарафов“ (поранешна 4 – ти Јули) во непосредна близина на училиштето беа поставени семафори со поддршка на Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје.

Во соработка со ЕЛЛС – Сектор за образование, наука, култура, труд и социјала и спорт училиштето континуирано спроведува активности кои влијаат вра развојот на училиштето во тие области.

Со текот на годините бројот на население во реонот на училиштето се намалува, бидејќи младите брачни парови се преселуваат во станбени згради во другите скопски општини, а просекот на деца по семејство е 2 деца. Покрај тоа, последниве 10 години се интензивира и иселувањето во странство, а се иселуваат претежно млади луѓе. Заради сето тоа се намалува бројот на учениците во нашето училиште.
Така во последниве четири години, заради преселба во други населби и иселување во странство, од нашето училиште се отпишани вкупно 86 ученици. Покрај тоа, во последниве четири учебни години имаме и 41 новозапишан ученик кои се доселени во реонот на нашето училиште.

Во изминатите четири години нашето училиште имаше континуирана и плодна соработка со Општина Ѓорче Петров притоа беше унапредена воспитно – образовната дејност на училиштето, беа дадени информации за реализација на активностите во училиштето, навремено пратени потребни податоци и пополнети прегледи, добиена стручна помош и соработка. Училиштето континуирано дава информации за реализација на Годишната програма за работа и ги презентира постигнатите резултати остварени во текот на наставната година. Училиштето активно учествуваше во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни и хуманитарни акции), а притоа се развиваше еколошката свест, работните навики и солидарниот дух кај учениците и вработените. Учеството во прослава на празници, јубилеи со академии, промоции и културни манифестации од јавен интерес овозможи подигнување на културно - образовното ниво, негување на историските вредности, развивање патриотски чувства и унапредување на културната традиција, меѓусебно дружење и соработка. Училиштето замаше активно учество на спортски манифестации организирани од локалната самоуправа, притоа беше развиен спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците, унапредена соработка и меѓусебно дружење.

Преку соработката со Општина Ѓорче Петров, установи и претпријатија нашето училиште обезбедуваше финансиска и друга помош, а тоа влијаеше врз подобрувањето на условите за работа и создавање на стимулативна средина за учење.

Континуираната соработка со општинските основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции овозможи размена на знаења и искуства на наставниот кадар, унапредување на воспитно - образовната дејност. При посета на општинските основни училишта по повод одбележување на Денови на училиштата се продлабочуваше соработката и меѓусебното дружење, се подигнуваше културно - образовното ниво и се развиваа на патриотските чувства.

Училиштето соработуваше со средните училишта и учествувапе во нивна промоција, притоа учениците беа запознаени со работата на средните училишта и професионално се насочуваа.

Учеството на литертурни и ликовни конкурси, изложби и фестивали, организирани од Општина Ѓорче Петров, здруженија, НВО, институции и организации поттикнуваа интерес кај учениците за творење, беа

развиени творечки и креативни способности кај учениците за ликовно и литературно изразување, беа анимирани учениците и беше афирмирано училиштето.

Училиштето активно учествуваше во еколошката акција организирана од ПАКОМАК за собирање на пластични ПЕТ шишиња и притоа беше развиена еколошка свест за грижа и заштита на животната средина, поттикнат натпреварувачки дух помеѓу учениците и примени донации на течен сапун за потребите на училиштето.

Училиштето има континуирана соработка со Поликлиника Ѓорче Петров заради увид во здравствената состојба на учениците, следење на развојот на учениците и превенција од заразни заболувања. Покрај тоа, учениците беа едуцирани за правилно одржување на забите и превенција од болести на забите.

Преку соработката со Полициската станица Ѓорче Петров беше создадена безбедна средина за учениците, разменети знаења и искуства за одржување на јавен ред и мир, превенција од насилство, превенција од употреба на петарди и други пиротехнички средства. Преку РСБСП учениците беа едуцирани за безбедно однесување во сообраќајот како пешаци и велосипедисти.

## 5.2. Национални фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

Училиштето работи според Законот за основно образование според кој основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години).

Воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програма кои на предлог на БРО ги утврдува МОН.

Со реформите што континуирано се спроведуваат, во последните четири години се случија следниве законски измени во основното образование:

- Учениците со ПОП следат настава во редовните училишта. Наставниците од нашето училиште не се доволно обучени за работа со овие категории на ученици.
- Во 2011 година ДПИ воведе индикатори за квалитетот на работата во училиштата, кои се ревидирани оваа година. Со примената на овие индикатори се оценува квалитетот на воспитни-образовниот процес, се дефинираат силните и слабите страни во работењето и се даваат препораки за подобрување. Индикаторите исто така помагаат и во постапката за самостојна евалуација на училиштето и во интегралната евалуација што ја врши ДПИ. Со цел да се обезбеди контрола на квалитетот на работата на наставниците во процесот на интегралната евалуација се вршеше и оценување на успешноста на нивната работа и исполнување на работните должности.
- За наставниците кои прв пат се вработуваа се воведе задолжително полагање на тест на личност и стручен испит за наставник, а тестот на личност е укинат во 2019 година.
- Во 2012 година отпочна Проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција во образованието, што се уште се реализира. Целта на оваа иницијатива беше во земјата да се создаде општествена и економска клима за поддршка на меѓуетничка интеграција во училиштата. За таа цел училиштата посетуваа обуки и организираа заеднички активности за наставници и ученици. Овој проект се реализираше и во нашето училиште со партнер училиштето ОУ „Бајрам Шабани“ – с. Кондово, општина Сарај. Меѓутоа, поради оптовареноста на ова училиште со друго партнер училиште оваа соработка заврши во 2017 година. Во 2020 година нашето училиште започна партнерска соработка со ОУ „Бедри Таири“ – с. Свиларе, општина Сарај. Овој проект сега се реализира со мултикултурна едукација во училиштето преку самостојни активности со учениците и преку заеднички активности со училиштето партнер.
- Во основните училишта се обезбеди пристап за користење на компјутери во наставата за секое дете. Како дополнителна поддршка се обезбедија преносливи компјутери за секој наставник и достапен интернет.
- Во периодот од 2015 до 2017 година се изготвија критериуми и стандарди за професионален и кариерен развој на наставниците.

- Од учебната 2014/15 година направени се поголеми промени во наставата по математика и природни науки од 1 – 6 одд. и математика, биологија, физика и хемија од 7 – 9 одд. со воведувањето на Кембриџ програмата од Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија. Програмата се уште се реализира.
- Од учебната 2019/2020 година сукцесивно се воведува тандемската настава по физичко и здравствено образование во основните училишта, почнувајќи од прво одделение. Наставата ја реализира предметен наставник по физичко и здравствено образование во тандем со одделенските наставници;
- Во рамките на соработката со МИОА, училиштето евидентира податоци за човечките ресурси во апликацијата HRMIS.
- Државниот завод за статистика секоја година прибира податоци во согласност со нивната Програма за статистички истражувања. Со овие истражувања се добиваат податоци за нашето училиште за почетокот и за крајот на учебната година.
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците;
- Во јули 2020 год. од МОН предложен е Концепт за развивање на образование од далечина во основното и средното образование. Воспоставувањето на национална платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работа со е-содржини, во нудење на различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигнувањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес.
- Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи;
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на Општината и училиштето за унапредување на воспитно – образовниот процес;
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција;
- Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение;
- Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците и стручните соработници кои се приправници;
- Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни;
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник - ментор, наставник /стручен соработник - советник).

## 5.3. Меѓународни фактори кои влијаеле врз развојот на училиштето во изминатите четири години

- Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес само преку E-twinning проекти со дел од наставниците. Се надеваме дека соработката ќе се зголеми и ќе се прошири преку реалиција на повеќе Еразмус проекти.
- Во рамките на постоечките проекти училиштето соработува со претставништвата на УНИЦЕФ и УСАИД во нашата држава.
- Училиштето активно ги следи и учествува на распишани меѓународни конкурси, а притоа наши ученици се добитници на награди и на тој начин го афирмираат нашето училиште во странство.

## 5.4. SWOT анализа

За утврдување на состојбата на нашето училиште, направена е следнава SWOT анализа:

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| • Отвореност на училиштето за соработка, промени и развој;<br>• Коректен однос, позитивна клима, одговорност и конструктивна соработка на релација наставник-ученик-родител;<br>• Подеднакво се прифатени и третирани сите ученици без разлика на нивната социјална, етничка или родова припадност, способност и можности;<br>• Соработка на наставниот кадар каде работното искуство, знаењата и вештините се пренесуваат на помладите кадри, а новитетите од современа информатичка технологија се пренесуваат од помладите на постарите кадри;<br>• Демократски пристап при оценувањето на учениците, секој ученик е навремено известен за сопствениот успех по наставните предмети, а исто така и родителите;<br>• Училиштето во однос на угледот е високо рангирано во локалната средина и пошироко;<br>• Вклученост на училиштето во проекти и одржлив развој на истите;<br>• Просечната старосна возраст на вработените е 40 години;<br>• Современ и естетски уреден училишен простор;<br>• Пространи спортски терени со рефлекторска расвета;<br>• Постоење на кујна за снабдување на учениците со топол оброк и ужинка;<br>• Релативно ниска стапка на насилство помеѓу учениците;<br>• Учениците редовно и успешно учествуваат на натпревари, манифестации, приредби и проекти каде што го претставуваат и афирмираат училиштето.<br>• Организација и учество во хуманитарни акции.<br>• Успешна реализација на училишни хепенинзи (Новогодошен и Велигденски), со употреба на собраните средсва за набавка на наставни помагала и лектитни изданија, подобрување на условите за работа и за хуманитарни цели. | • Недоволен број на нагледни средства и наставни помагала, но и нови компјутери / лаптопи за наставниот процес;<br>• Недоволна обученост на наставниот кадар за работа со надарени ученици и ученици со попреченост во развојот;<br>• Постоење на стар и дотраен училишен мебел во некои училници и кабинети;<br>• Поретко се вградуваат меѓупредметните цели со интегрирање во различни предмети;<br>• Постојат тешкотии со пристап до брз и стабилен интернет;<br>• Неможноста секој наставник и стручен соработник да се усоврши преку обука во оние компетенции коишто му се потребни;<br>• Недостаток на доволно материјални средства за реализација на активности за професионален развој на наставниот кадар.<br>• Слаба мотивираност на учениците од 6 – 9 одд. за учество на училишни конкурси и училишни натпревари;<br>• Делумни знаења и вештини за користење на online платформите за далечинско учење, со цел олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците за време на вонредни состојби или кога ученикот оправдано отсуствува подолг временски период;<br>• Функционирањето на ИКТ во наставата треба да се подобри со примена на современи интерактивни табли. |

| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки, (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
|---|---|
| • Постоење на простор во кој може да се изградат нови, а и да се прошират постојните капацитети;<br>• Поставување на огради со држачи (ракофати) на постоечкиот пристапен премин;<br>• Адапртација на тоалет наменет за ученици со телесна попреченост;<br>• Изнајмување на училишен простор на приватен сектор (книжара, продавница, сендвичара);<br>• Обезбедување образовни асистенти за учениците со попреченост.<br>• Во соработка со Општината, аплицирање на проекти со кои се финансираат инфраструктурни активности;<br>• Доделување на повеќе финансиски средстава од буџетот на Општината за набавка на нагледни средства, котизација за натпревари и професионален развој на наставниот кадар;<br>• Дополнителна обука на наставниот кадар за аплицирање на проекти (ангажирање на лица за изработка на проекти);<br>• Професионално напредување и усовршување на наставниот кадар на сите нивоа;<br>• Остварување на соработка со други основни училишта во земјата и странство / вмрежување со други училишта;<br>• Соработка со невладини организации;<br>• Поддршка и вклученост на родителите во заеднички активности и акции од од хуманитарен, еколошки и забавен карактер;<br>• Училиштето би требало уште повеќе да ја зајакне соработката со локалната заедница (особено со бизнис секторот) за да може уште поефикасно да работи и да ги остварува своите цели и задачи.<br>• Вклучување и помош од страна на локалната заедница при реализирање на некои вонннаставни активности.<br>• Изнаоѓање на можности за донаторски средства. | • Недоволна мотивираност на наставниот кадар за сопствено стручно усовршување;<br>• Променет систем на вредности во општеството;<br>• Преобемен наставен план и наставни програми;<br>• Административни бариери при обезбедување на спонзорство и јавно приватно партнерство;<br>• Недостаток на финансии за набавка на нагледни средства за реализација на Кембриџ програмата;<br>• Недоволно финансиски средства за набавка на современа информатичка опрема.<br>• Неможноста на училиштето да обезбеди финансиски средства потребни за обуки за наставниците и стручните осработници, посета на конференции, студиски посети и други облици на стручно усовршување;<br>• Неможност на наставниците самостојно финансиски да си обезбедат парични средства за потребната обука;<br>• Конкуренција од другите општински основни училишта;<br>• Намалување на бројот на ученици во училиштето заради опаѓање на наталитетот, миграција на населението и почитување на реонизацијата;<br>• Зголемување на бројот на ученици кои имаат тешкотии во учењето;<br>• Укинување на продолжениот дневен престој за учениците од IV одделение;<br>• Игнорирање на некои родители на поканите од страна на училиштето, особено на родителите на оние ученици кои покажуваат слаб успех;<br>• Незаинтересираност на бизнис заедницата за поддршка и придонес во подобрување на условите за работа. |

# 6. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| МИСИЈА | ВИЗИЈА |
|---|---|
| Училиште кое обезбедува квалитетна настава прилагодена на можностите, потребите и интересите на учениците во кое се негува лична одговорност, самодисциплина, толеранција, меѓусебно почитување и мотивација на сите учесници во училишниот живот. Го поттикнуваме развојот на личноста на нашите ученици, нивната индивидуалност, креативност, натпреварувачки и спортски дух, хуманост, еколошка свест, критичко мислење и градење позитивни системи на вредности со цел успешно да се снаоѓаат во опкружувањето. Ги оспособуваме учениците за почитување на различностите и соживот во мултикултурно општество. Ги следиме трендовите и модернизацијата на образованието преку континуирано стручно усовршување на наставниот кадар. Градиме соработнички и партнерски односи со родителите и локалната заедница. | Ќе градиме современо, иновативно и отворено училиште за промени и развој кое ќе може да одговори на предизвиците на 21-от век. Ќе ги зајакнуваме професионалните компетенции на вработените со цел постојано да се унапредува квалитетот на воспитно – образовниот процес. Сакаме добро опремено училиште во кое ќе се применува современа образовна технологија и креативна настава, пришто учениците ќе стекнуваат трајни и функционални знаења, вештини и вредности со надминати предрасуди. Ќе се стремиме да обезбедиме стимулативна средина за учење и работа во која на учениците ќе им се дава можност целосно да го реализираат својот потенцијал, со додатна образовна поддршка на потенцијално надарените ученици и на децата од ранливите групи. Сакаме уште подобра и поквалитетна соработка со родителите во сите сегменти на животот и работата на училиштето. |

# 7. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ЧЕТИРИГОДИШНИОТ ПЕРИОД

**Општа цел** на Развојната програма на училиштето е унапредување на воспитно – образовниот процес.

**Специфичните цели** се во согласност со потребите на училиштето и идеите чија реализација овозможува континуирано стручно усовршување на наставниот кадар заради подобрување на квалитетот на воспитно – образовната работа, осовременување на условите во кои се реализира наставата, унапредување на формите на соработка со родителите и локалната средина, како и афирмирање на угледот на училиштето во општествената заедница.

Поаѓајќи од синтагмата *„Со учениците – за учениците“*, Развојната програма на училиштето овозможува поддршка и грижа за учениците преку:

- Промовирање на индивидуалниот развој и личноста на ученикот во согласност со неговите предиспозиции и возрасни карактеристики;
- Развивање интерес за усвојување нови знаења, способности за учење, самостојност во работата, развивање работни навики, како и поттикнување и развој на критичкото мислење кај учениците;
- Стекнување на основни знаења и вештини од областа на јазикот, математиката, природните и општествените науки, информатичката технологија и уметностите;
- Оспособување за примена на стекнатите знаења и умеења во секојдневниот живот и во понатамошното образование;
- Градење креативни и морални личности кои успешно ќе се интегрираат во современите текови на животот;
- Развивање на чувство за одговорност, праведност, трудољубивост, истрајност, смисла за убаво, взаемна почит и доверба, културни традиции, припадност на Република Северна Македонија и исполнување на граѓанските права и слободи;
- Перманентна грижа за здравјето и безбедноста на учениците, со негување на правилен физички и психички развој;
- Градење на позитивна клима и средина за учење во која ќе дојдат до израз различните способности и афинитети на учениците;
- Зачувување на природната средина и развивање еколошка свест;
- Поттикнување на сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците (развивање на позитивна слика за себе, самодоверба, самопочитување и почитување на другите);
- Создавање услови за забрзан развој на надарените ученици и инклузија на ученици со посебни образовни потреби;
- Воспитување на учениците да бидат толерантни, да знаат да остваруваат добра комуникација со другите, да ги решаваат конфликтите по мирен пат, а над се да пораснат во солидарни и хумани луѓе.

## ОД ПРИОРИТЕТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ДО РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

| **Каде сме сега?**<br>**Самоевалуација на училиштето - приоритети** | **Каде сакаме да бидеме?**<br>**Развоен план на училиштето – стратешка цел** |
|---|---|
| 1. Санација на ѕидови и подови во училишната зграда;<br>2. Набавка на училишен мебел;<br>3. Набавка на клима уреди во училници, библиотека и простории што се изложени на интензивно сончево осветлување;<br>4. Изведба на водоводна инсталација во училниците;<br>5. Интервенција на мрежата за одвод за елиминирање на непријатната миризба од училишните тоалети при метеоролошки промени;<br>6. Обновување на застарените и исушени тревни површини во училишниот двор;<br>7. Реконтрукција на патеките за движење во училишниот двор;<br>8. Поставување на огради со држачи (ракофати) на постоечкиот пристапен премин;<br>9. Адапртација на тоалет наменет за ученици со телесна попреченост;<br>10. Поставување сообраќаен училишен полигон;<br>11. Збогатување на детското катче со нови реквизити;<br>12. Поставување метални држачи на ѕидовите покрај скалите во училишната зграда;<br>13. Обезбедување просторија за средби со родители / старатели, наменета за индивидуални разговри;<br>14. Дислокација на просторија за услуги на персоналот. | Подобрување на материјално – техничките услови за учење и работа во училиштето. |
| 1. Снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити;<br>2. Континуирана набавка на стручна литература и лекторни изданија;<br>3. Опремување на кабинетите со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала за поуспешна реализација на наставната програма;<br>4. Набавка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла.<br>5. Набавка на лесерски печатачи и печатач со фотокопир;<br>6. Набавка на асистивна технологија. | Подобрување на ресурсите за изведување на квалитетна настава. |

| **Каде сме сега?**<br>**Самоевалуација на училиштето - приоритети** | **Каде сакаме да бидеме?**<br>**Развоен план на училиштето – стратешка цел** |
|---|---|
| 1. Едукација на стручната служба и наставинците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;<br>2. Креирање на стимулативна средина за учење која ќе ги задоволи потребите на учениците (во секоја училница да се овозможи рефлектирање на можностите и потенцијалите на учениците);<br>3. Едукација на наставниците за примена на техники и активности со диференциран пристап;<br>4. Примена на оценување по тежински нивоа во одделенија и наставни предмети каде што може да се реализира;<br>5. Поголема примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на учење на далечина (онлајн настава); | Унапредување на воспитно-образовниот процес, поддршка и грижа за учениците. |

| | |
|---|---|
| 6. Обука на наставниците за примена на интерактивна (smart) табла.<br>7. Поттикнување на сопствениот професионален развој на наставниот кадар;<br>8. Подигнување на свеста на наставниот кадар за користење на стручна литература;<br>9. Поголема екстерна едукација на наставниот кадар за поуспешна реализација на наставата и оценувањето на учениците;<br>10. Обуки на наставниот кадар за давање прва помош на ученици при несреќни случаи;<br>11. Изработка на пропишана процедура во која се дефинирани облиците на психичко и физичко насилство, препознавање на лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации. | |
| 1. Интерна едукација на наставници за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ученици со посебни образовни потреби кои за првпат работата со ученици со ПОП;<br>2. Обука на наставниците за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;<br>3. Стручно усовршување на наставниците за примена на методи, техники и алатки за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>4. Обука на наставниците за примена на асистивна технологија.<br>5. Подобрување на постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби. | Професионално усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. |

## ОД СТРАТЕШКА ЦЕЛ КОН РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| 1. Подобрување на материјално – техничките услови за учење и работа во училиштето. | 1.1 Изведба на водоводна инсталација во училниците |
| | 1.2 Обезбедување просторија за средби со родители / старатели, наменета за индивидуални разговори |
| | 1.3 Интервенција на мрежата за одвод за елиминирање на непријатната миризба од училишните тоалети при метеоролошки промени |
| | 1.4 Реконтрукција на патеките за движење во училишниот двор |
| 2. Подобрување на ресурсите за изведување на квалитетна настава. | 2.1 Снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити |
| | 2.2 Опремување на кабинетите со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала за поуспешна реализација на наставната програма |
| | 2.3 Набавка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла |
| | 2.4 Набавка на асистивна технологија |

| | |
|---|---|
| 3. Унапредување на воспитно – образовниот процес, поддршка и грижа за учениците. | 3.1 Поголема примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на учење на далечина (онлајн настава) |
| | 3.2 Обука на наставниците за примена на интерактивна (smart) табла |
| | 3.3 Едукација на стручната служба и наставинците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици |
| | 3.4 Изработка на пропишана процедура во која се дефинирани облиците на психичко и физичко насилство, препознавање на лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации |
| 4. Професионално усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. | 4.1 Интерна едукација на наставници за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ученици со посебни образовни потреби кои за првпат работат со ученици со ПОП |
| | 4.2 Обука на наставниците за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето |
| | 4.3 Обука на наставниците за примена на асистивна технологија |

## АКЦИОНЕН ПЛАН НА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИТЕ

| **Приоритетно подрачје** | Управување и раководење |
|---|---|

**Стратешка цел 1** Подобрување на материјално – техничките услови за учење и работа во училиштето.

**Развојна цел 1.1** Изведба на водоводна инсталација во училниците.
**Развојна цел 1.2** Интервенција на мрежата за одвод за елиминирање на непријатната миризба од училишните тоалети при метеоролошки промени.
**Развојна цел 1.3** Реконтрукција на патеките за движење во училишниот двор.
**Развојна цел 1.4** Обезбедување просторија за средби со родители / старатели, наменета за индивидуални разговори.

**Развојна цел 1.1** Изведба на водоводна инсталација во училниците

| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.1.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба.<br>2. Консултации со стручни лица.<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Директор, комисија, хаусмајстор, ложач, стручно лице (родител) | 2021 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.1.2** Обезбедување финансиски средства за изведба на водоводна инсталација во училниците | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании.<br>2. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа.<br>3. Аплицирање во проекти поддржани од МОН и НВО.<br>4. Соработка со родители.<br>5. Организирање на собирни акции и продажни хепенинзи. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, комисија, секретар, фирми, вработени лица во ЕЛС-Сектор за финансирање и буџет, стручни лица од МОН и НВО, родители | 2021, 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 1.1.3** Изведба на водоводна инсталација во училниците | | | | | |
| 1. Предмер пресметка.<br>2. Барање понуди од фирми.<br>3. Склучување на договор со фирмата која што има најповолна понуда.<br>4. Реализација на инфраструктурниот зафат. | Поставени чешми, ѕидни плочки и лавабоа во училниците. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица од фирмата изведувач, помошно – технички персонал, родители | 2021, 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, сите потребни материјали и алат за работа | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 1.1.4** Редовно и правилно одржување на чешмите во училниците | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување.<br>2. Континуирано одржување на хигиената на чешмите во училниците.<br>3. Редовна контрола на исправноста и хигиената.<br>4. Навремено отстранување на евентуални оштетувања. | Правилно користење на чешмите и одржу-вање на хигиената. | Помошно – технички персонал: домаќин хигиеничари, хаусмајстор, ложач | 2021, 2022, 2023,2024, 2025 ... | Средства за чистење, алат за работа | Директор, домаќин |
| **Развојна цел 1.2** Обезбедување просторија за средби со родители / старатели, наменета за индивидуални разговори | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 1.2.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба.<br>2. Консултации со стручни лица.<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Директор, комисија, хаусмајстор, ложач, стручно лице | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.2.2** Обезбедување финансиски средства за просторија за средби со родители / старатели | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании.<br>2. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа.<br>3. Соработка со родители. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, комисија, секретар, сметководител, фирми, вработени лица ЕЛС-Сектор за финансирање и буџет, родители | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 1.2.3** Отворање на просторија за средби со родители / старатели | | | | | |
| 1. Предмер пресметка.<br>2. Барање понуди од фирми.<br>3. Склучување на договор со фирмата која што има најповолна понуда.<br>4. Реализација на инфраструктурниот зафат. | Уредена просторија за средби со родители. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица од фирмата изведувач, помошно – технички персонал, родители | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, сите потребни материјали и алат за работа | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 1.2.4** Редовно и правилно одржување на просторијата за средби со родители / старатели | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување.<br>2. Континуирано одржување на просторијата за средби со родители / старатели.<br>3. Редовна контрола на исправноста.<br>4. Навремено отстранување на евентуални оштетувања. | Правилно користење на патеките за движење во училишниот двор. | Вработени, ученици | 2022 2023, 2024, 2025 ... | Средства за чистење, алат за работа | Директор, домаќин |
| **Развојна цел 1.3** Интервенција на мрежата за одвод за елиминирање на непријатната миризба од училишните тоалети при метеоролошки промени | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 1.3.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба.<br>2. Консултации со стручни лица.<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Директор, комисија, хаусмајстор, ложач, стручно лице | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.3.2** Обезбедување финансиски средства за интервенција на мрежата за одвод | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании.<br>2. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа.<br>3. Соработка со родители.<br>4. Аплицирање во проекти поддржани од МОН и НВО.<br>5. Организирање на собирни акции и продажни хепенинзи. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, комисија, секретар, сметководи-тел, фирми, вработени лица ЕЛС-Сектор за финансирање и буџет, родители | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 1.3.3** Интервенција на мрежата за одвод | | | | | |
| 1. Предмер пресметка.<br>2. Распишување тендер за јавна набавка.<br>3. Избирање на фирма која ќе го реализира инфраструктурниот зафат.<br>4. Склучување на договор со фирмата која што има најповолна понуда.<br>5. Реализација на инфраструктурниот зафат. | Поставена нова водоводна мрежа за одвод. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица од фирмата изведувач, помошно – технички персонал | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, сите потребни материјали и алат за работа | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 1.3.4** Редовно и правилно одржување на мрежата за одвод | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување.<br>2. Континуирано одржување на мрежата за одвод.<br>3. Редовна контрола на исправноста.<br>4. Навремено отстранување на евентуални оштетувања. | Правилно користење на мрежата за одвод. | Вработени, ученици | 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Средства за чистење, алат за работа | Директор, домаќин |
| **Развојна цел 1.4** Реконтрукција на патеките за движење во училишниот двор | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 1.4.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба.<br>2. Консултации со стручни лица.<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Директор, комисија, хаусмајстор, ложач, стручно лице (родител) | 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |

| **Конкретна цел 1.4.2** Обезбедување финансиски средства за реконтрукција на патеките за движење во училишниот двор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Барање донации од фирми и компании.<br>2. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа.<br>3. Соработка со родители.<br>4. Аплицирање во проекти поддржани од МОН и НВО.<br>5. Организирање на собирни акции и продажни хепенинзи. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, комисија, секретар, сметководи-тел, фирми, вработени лица во ЕЛС-Сектор за финансирање и буџет, родители | 2023, 2024 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 1.4.3** Реконтрукција на патеките за движење во училишниот двор | | | | | |
| 1. Предмер пресметка.<br>2. Распишување тендер за јавна набавка.<br>3. Избирање на фирма која ќе го реализира инфраструктурниот зафат.<br>4. Склучување на договор со фирмата која што има најповолна понуда.<br>5. Реализација на инфраструктурниот зафат. | Реконструи-рани патеки за движење во училишниот двор. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица од фирмата изведувач, помошно – технички персонал, родители | 2023, 2024 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, сите потребни материјали и алат за работа | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 1.4.4** Редовно и правилно одржување на патеките за движење во училишниот двор | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување.<br>2. Континуирано одржување на патеките за движење.<br>3. Редовна контрола на исправноста.<br>4. Навремено отстранување на евентуални оштетувања. | Правилно користење на патеките за движење во училишниот двор. | Вработени, ученици | 2023, 2024, 2025 ... | Средства за чистење, алат за работа | Директор, домаќин |

**<u>Забелешка:</u>** Средствата потребни за реализирање на активностите ќе се обезбедуваат согласно динамиката на средствата што се одобруваат со финансовиот план на училиштето (блок дотации од буџет, финансиска поддршка од локалната самоуправа, самофинансирачки активности од родители и дополнителни приходи од закупнина).

| **Приоритетно подрачје** | Ресурси |
|---|---|

**Стратешка цел 2** Подобрување на ресурсите за изведување на квалитетна настава.

**Развојна цел 2.1** Снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити.
**Развојна цел 2.2** Опремување на кабинетите со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала за поуспешна реализација на наставната програма.
**Развојна цел 2.3** Набавка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла.
**Развојна цел 2.4** Набавка на асистивна технологија.

**Развојна цел 2.1** Снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити

| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 2.1.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба во фискултурната сала;<br>2. Анкетирање на наставници;<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Директор, Комисија, стручна служба, наставници | 2021 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 2.1.2** Обезбедување финансиски средства за снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании;<br>2. Самофинсирачки активности на училиштето;<br>3. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа;<br>4. Соработка со родители;<br>5. Организирање на собирни акции и продажни хепенинзи. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, секретар, Комисија, родители, вработени лица во ЕЛС – Сектор за образование | 2021, 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 2.1.3** Снабдување на фискултурната сала со спортска опрема и реквизити | | | | | |
| 1. Прибирање на понуди;<br>2. Разгледување на понуди и одбирање на најповолната понуда во однос на цена и квалитет;<br>3. Нарачка на спортска опрема и реквизити;<br>4. Распределба на нагледните средства, приборот и наставните помагала и задолжување на наставниците. | Извршена набавка. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица | 2021, 2022, 2023, 2024 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, телефон | Директор, секретар, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 2.1.4** Редовно и правилно одржување на спортската опрема и реквизитите | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување на спортска опрема и реквизити;<br>2. Правилно и наменско користење;<br>3. Редовна контрола на исправноста;<br>4. Навремено отстранување на евентуални оштетувања. | Примена на спортската опрема и реквизитите во наставата. Унапредена настава по ФЗО. | Директор, наставници, директор, струччна служба, стручни лица | 2021, 2022, 2023, 2024 … | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |
| **Развојна цел 2.2** Опремување на кабинетите со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала за поуспешна реализација на наставната програма | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 2.2.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба во училниците и кабинетите;<br>2. Анкетирање на наставници;<br>3. Изработка на приоритетна листа за набавка на наставни средства, лабораториски прибор и помагала. | Изработена приоритетна листа според Нормативот за опрема и нагледни средства. | Директор, Комисија, стручна служба, наставници | 2021 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 2.2.2** Обезбедување финансиски средства за опремување на кабинетите со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании;<br>2. Самофинсирачки активности на училиштето;<br>3. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа;<br>4. Соработка со родители;<br>5. Организирање на собирни акции и продажни хепенинзи. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, секретар, Комисија, родители, вработени лица во ЕЛС – Сектор за образование | 2021, 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 2.2.3** Опремување на кабинетите со нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала | | | | | |
| 1. Прибирање на понуди;<br>2. Разгледување на понуди и одбирање на најповолната понуда во однос на цена и квалитет;<br>3. Нарачка на нагледни средства, лабораториски прибор и наставни помагала; | Извршена набавка. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица | 2021, 2022, 2023, 2024 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, телефон | Директор, секретар, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Распределба на нагледните средства, приборот и наставните помагала и задолжување на наставниците. | | | | | |
| **Конкретна цел 2.2.4** Редовно и правилно одржување на нагледните средства, лабораторискиот прибор и наставните помагала | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување на нагледните средства, лабораторискиот прибор и наставните помагала;<br>2. Редовна контрола на исправноста;<br>3. Вршење увид од директор и стручна служба за примената на нагледните средства, лабораторискиот прибор и наставните помагала;<br>4. Навремено отстранување на евентуални дефекти. | Примена на нагледните средства, лаборато-рискиот прибор и наставните помагала. Унапредена настава. | Директор, наставници, директор, стручна служба, стручни лица | 2022 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |
| **Развојна цел 2.3** Набавка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 2.3.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Формирање на комисија за утврдување на постоечката состојба;<br>2. Анкетирање на наставници;<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Директор, Комисија, стручна служба, наставници | 2021 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Избрана комисија |
| **Конкретна цел 2.3.2** Обезбедување финансиски средства за набавка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании;<br>2. Самофинсирачки активности на училиштето;<br>3. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа;<br>4. Соработка со родители. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, секретар, Комисија, родители, вработени лица во ЕЛС – Сектор за образование | 2021, 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |
| **Конкретна цел 2.3.3** Набавка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла | | | | | |
| 1. Прибирање на понуди;<br>2. Разгледување на понуди и одбирање на најповолната понуда во однос на цена и квалитет; | Извршена набавка. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, | 2021, 2022, 2023, 2024 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, телефон | Директор, секретар, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Нарачка на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла;<br>4. Распределба на лаптоп компјутерите, ЛЦД проекторите и интерактивната (smart) табла и задолжување на наставниците. | | стручни лица | | | |
| **Конкретна цел 2.3.4** Редовно и правилно одржување на лаптоп компјутерите, ЛЦД проекторите и интерактивната (smart) табла | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување на лаптоп компјутери, ЛЦД проектори и интерактивна (smart) табла;<br>2. Редовна контрола на исправноста;<br>3. Вршење увид од директор и стручна служба за примената на лаптоп компјутерите, ЛЦД проекторите и интерактивната (smart) табла;<br>4. Навремено отстранување на евентуални дефекти. | Примена на техничките средства во наставата. Унапредена настава. | Директор, наставници, директор, стручччна служба, стручни лица | 2022 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |
| **Развојна цел 2.4** Набавка на асистивна технологија | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 2.4.1** Утврдување на постоечката состојба | | | | | |
| 1. Утврдување на постоечката состојба од страна на Училишниот инклузивен тим.<br>2. Консултации со стручни лица.<br>3. Изработка на акционен план. | Изработен акционен план. | Училишен инклузивен тим | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор |
| **Конкретна цел 2.4.2** Обезбедување финансиски средства за набавка на асиствина технологија | | | | | |
| 1. Барање донации од фирми и компании;<br>2. Соработка и барање поддршка од локална самоуправа;<br>3. Соработка со родители;<br>4. Аплицирање во проекти поддржани од МОН и НВО;<br>5. Организирање на собирни акции и продажни хепенинзи. | Обезбедени финансиски средства. | Директор, секретар, Комисија, родители, вработени лица во ЕЛС – Сектор за образование | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир, телефон | Директор, секретар, сметководител |

| **Конкретна цел 2.4.3** Набавка на асистивна технологија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Прибирање на понуди;<br>2. Разгледување на понуди и одбирање на најповолната понуда во однос на цена и квалитет;<br>3. Нарачка на асистивна технологија;<br>4. Задолжување на специјалниот едукатор и рехабилитатор и наставниците за правилно користење на асистивната технологија. | Извршена набавка. | Директор, Комисија за јавни набавки, секретар, стручни лица | 2022, 2023, | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, телефон | Директор, секретар, |
| **Конкретна цел 2.4.4** Редовно и правилно одржување на асистивната технологија | | | | | |
| 1. Определување на одговорно лице за одржување на асистивната технологија;<br>2. Редовна контрола на исправноста;<br>3. Вршење увид од директор и стручна служба за примената на асистивната технологија;<br>4. Навремено отстранување на евентуални дефекти. | Примена на асистивната технологија при работа со ученици со ПОП. | Директор, специјален едукатор и рехабилитатор наставници, стручни лица | 2022 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |

**Забелешка:** Средствата потребни за реализирање на активностите ќе се обезбедуваат согласно динамиката на средствата што се одобруваат со финансовиот план на училиштето (блок дотации од буџет, финансиска поддршка од локалната самоуправа, самофинансирачки активности од родители и дополнителни приходи од закупнина).

| **Приоритетно подрачје** | Учење и настава |
|---|---|

**Стратешка цел 3** Унапредување на воспитно – образовниот процес, поддршка и грижа за учениците.

**Развојна цел 3.1** Поголема примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на учење на далечина (онлајн настава).
**Развојна цел 3.2** Обука на наставниците за примена на интерактивна (smart) табла.
**Развојна цел 3.3** Едукација на стручната служба и наставинците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици.
**Развојна цел 3.4** Изработка на пропишана процедура во која се дефинирани облиците на психичко и физичко насилство, препознавање на лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации.

**Развојна цел 3.1** Поголема примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на учење на далечина (онлајн настава).

| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 3.1.1** Идентификација на потребите на наставниците за стекнување знаења и вештини за примена на современи наставни приоди, разновидни форми, методи, техники и алатки за реализација на учење на далечина (онлајн настава). | | | | | |
| 1. Формирање на тим;<br>2. Анкетирање на наставници;<br>3. Воспоставување контакт со стручно лице. | Анкетирани наставници. Воспоставен контакт со стручно лице. | Директор, Тим за професионален развој на наставниот кадар, наставници | 2021 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.1.2** Одржување на едукативни работилници | | | | | |
| 1. Изработка на акциски план за реализација на интерни работилници;<br>2. Определување простор и подготовка за едукација;<br>3. Реализација на интерни работилници. | Едуциран наставен кадар. | Тим за професиона-лен развој, наставници, стручни лица | 2021, 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.1.3** Одржување на онлајн обуки | | | | | |
| 1. Барање акредитирано здружение за обука;<br>2. Подготовка за обука (соопштение, агенда, електронски материјали);<br>3. Реализација на обуката. | Едуциран наставен кадар за работа со надарени ученици. | Обучувач (надворешно лице), наставници, стручна служба | 2021,2022 | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор |
| **Конкретна цел 3.1.4** Следење на примената на стекнатите знаења и вештини | | | | | |
| 1. Примена на стекнатите знаења и вештини;<br>2. Размена на искуства;<br>3. Увид од стручна служба и директор. | Практична примена на стекнати знаења. | Директор, тим, стручна служба, наставници | 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |

| **Развојна цел 3.2** Обука на наставниците за примена на интерактивна (smart) табла. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 3.2.1** Идентификација на потребите на наставниците за стекнување знаења и вештини за примена на интерактивна (smart) табла во наставата | | | | | |
| 1. Формирање на тим;<br>2. Анкетирање на наставници;<br>3. Воспоставување контакт со стручно лице. | Анкетирани наставници. Воспоставен контакт со стручно лице. | Директор, Тим, стручна служба, наставници | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.2.2** Одржување на едукативни работилници за примена на интерактивна (smart) табла. | | | | | |
| 1. Изработка на акциски план за реализација на интерни работилници;<br>2. Определување простор и подготовка за едукација;<br>3. Реализација на интерни работилници. | Едуциран наставен кадар. | Тим за професионал ен развој, наставници, стручни лица | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.2.3** Следење на примената на стекнатите знаења и вештини. | | | | | |
| 1. Примена на стекнатите знаења во наставата и воннаставните активности;<br>2. Размена на искуства;<br>3. Увид од стручна служба и директор. | Практична примена на стекнати знаења. | Директор, тим, стручна служба, наставници | 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |

| **Развојна цел 3.3** Едукација на стручната служба и наставинците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 3.3.1** Идентификација на потребите на наставниците работа со надарени ученици | | | | | |
| 1. Формирање на тим;<br>2. Анкетирање на наставници;<br>3. Воспоставување контакт со стручно лице. | Анкетирани наставници. Воспоставен контакт со стручно лице. | Директор, Тим, стручна служба, наставници | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.3.2** Одржување на едукативни работилници за идентификација на надарени ученици | | | | | |
| 1. Подготовка и реализација на работилници;<br>2. Изготвување на план и инструменти за идентифику-вање на надарени ученици;<br>3. Процес на идентификување на надарените ученици. | Едуциран наставен кадар за идентифи-кација на надарени ученици. | Тим, стручна служба, наставници, стручни лица | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 3.3.3** Одржување на обука за работа со надарени ученици | | | | | |
| 1. Барање акредитирано здружение за обука;<br>2. Подготовка за обука (соопштение, агенда, материјали, просторија);<br>3. Реализација на обуката. | Едуциран наставен кадар за работа со надарени ученици. | Обучувач (надворешно лице), наставници, стручна служба | 2021,2022 | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор |
| **Конкретна цел 3.3.4** Следење на примената на стекнатите знаења за работа со надарени ученици | | | | | |
| 1. Примена на стекнатите знаења во наставата и воннаставните активности;<br>2. Размена на искуства;<br>3. Увид од стручна служба и директор. | Практична примена на стекнати знаења. | Директор, тим, стручна служба, наставници | 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |
| **Развојна цел 3.4** Изработка на пропишана процедура во која се дефинирани облиците на психичко и физичко насилство, препознавање на лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации. | | | | | |
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 3.4.1** Подготовка за изработка на пропишаната процедура | | | | | |
| 1. Изработка на акциски план за изработка на пропишаната процедура;<br>2. Воспоставување контакти со стручни лица.<br>3. Читање стручна литература. | Изработен акционен план. Стекнати знаења од стручна литература. | Директор, училишен тим за превенција од насилство | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.4.2** Одржување на интерни работилници за изработка на пропишана процедура за облиците на психичко и физичко насилство, препознавање на лица потенцијални вознемирувачи и како да се однесуваат децата и возрасните во такви ситуации | | | | | |
| 1. Изработка на план за реализација на интерни работилници;<br>2. Определување простор и подготовка за едукација;<br>3. Реализација на интерни работилници.<br>4. Изработка на пропишана процедура. | Едуциран наставен кадар за изработка на пропишана процедура и нивна примена. | Училишен тим за превенција од насилство, наставници, стручни лица | 2022, 2023 | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.4.3** Следење на примена на пропишаната процедура | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Водење евиденција за реализрани индивидуални разговори со ученици жртви на насилство;<br>2. Следење на редовноста, однесувањето и постигањата на учениците жртви на насилство;<br>3. Вклучување на надворешни лица од соодветни институции. | Правилна примена на пропишаната процедура. | Директор, училишен тим за превенција од насилство, стручна служба, наставници | 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |

**Забелешка:** Средствата потребни за реализирање на активностите ќе се обезбедуваат согласно динамиката на средствата што се одобруваат со финансовиот план на училиштето (блок дотации од буџет, финансиска поддршка од локалната самоуправа, самофинансирачки активности од родители и дополнителни приходи од закупнина)

| **Приоритетно подрачје** | Поддршка на учениците |
|---|---|

**Стратешка цел 4** Професионално усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.

**Развојна цел 4.1** Интерна едукација на наставници за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ученици со посебни образовни потреби кои за првпат работат со ученици со ПОП.
**Развојна цел 4.2** Обука на наставниците за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето.
**Развојна цел 4.3** Обука на наставниците за примена на асистивна технологија.

**Развојна цел 4.1** Интерна едукација на наставници за изработка на индивидуални образовни планови за работа со ученици со посебни образовни потреби кои за првпат работат со ученици со ПОП

| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 4.1.1** Идентификација на потребите на наставниците | | | | | |
| 1. Изработка на регистар за ученици со ПОП;<br>2. Анкетирање на наставници кои имаат потреба за едуцирање;<br>3. Правење список на наставници согласно потребите. | Идентифику-вани наставници. | Училишен инклузивен тим, стручна служба, наставници | 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, печатач фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 4.1.2** Одржување на едукативни работилници за изработка на унифицирани ИОП | | | | | |
| 1. Изработка на акциски план за реализација на интерни работилници;<br>2. Стручна подгоровка за едукација;<br>3. Определување на простор и соопштение;<br>4. Реализација на работилници. | Едуциран наставен кадар за изработка на ИОП. | Специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог | 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 4.1.3** Следење на примената на стекнатите знаења | | | | | |
| 1. Примена на стекнатите знаења;<br>2. Размена на искуства;<br>3. Увид од директор и стручна служба. | Практична примена на стекнати знаења. | Наставници, директор, стручна служба | 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Соодветен дидактички материјал, хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, специјален едукатор и рехабилитатор |

| **Развојна цел 4.2** Обука на наставниците за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 4.2.1** Идентификација на потребите на наставниците | | | | | |
| 1. Анкетирање на наставници;<br>2. Правење список на наставници согласно потребите.<br>3. Воспоставување контакт со стручно лице. | Анкетирани наставници. Воспоставен контакт со стручно лице. | Училишен инклузуивен тим, Тим за професионален развој на наставниот кадар | 2021 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 4.2.2** Одржување на едукативни работилници за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето | | | | | |
| 1. Изработка на акциски план за реализација на интерни работилници;<br>2. Определување простор и подготовка за едукација;<br>3. Реализација на интерни работилници. | Едуциран наставен кадар. | Специјелн едукатор и рехабилитатор, наставници, стручна служба | 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 4.2.3** Одржување на обуки за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето | | | | | |
| 1. Барање акредитирано здружение за обуки;<br>2. Подготовка за обуките (соопштение, агенда, материјали);<br>3. Реализација на обуките. | Едуциран наставен кадар. | Обучувач (надворешно лице), наставници, стручна служба | 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, пачатач | Директор |
| **Конкретна цел 4.2.4** Следење на примената на стекнатите знаења и вештини | | | | | |
| 1. Примена на стекнатите знаења и вештини;<br>2. Размена на искуства;<br>3. Увид од стручна служба и директор. | Практична примена на стекнати знаења. | Директор, стручна служба, наставници | 2022, 2023, 2024, 2025 ... | Соодветен дидактичк и материјал, хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |

| **Развојна цел 4.3** Обука на наставниците за примена на асистивна технологија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатор за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемен-тација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| **Конкретна цел 3.3.1** Идентификација на потребите на наставниците | | | | | |
| 1. Анкетирање на наставници;<br>2. Правење список на наставници согласно потребите.<br>3. Воспоставување контакт со стручно лице. | Анкетирани наставници. Воспоставен контакт со стручно лице. | Училишен инклузуивен тим,<br>Тим за професионален развој на наставниот кадар | 2022 | Хартија, пенкала, компјутер, печатач, фотокопир | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.3.2** Одржување на едукативни работилници за примена на асистивна технологија | | | | | |
| 1. Изработка на план за реализација на интерни работилници;<br>2. Определување простор и подготовка за едукација;<br>3. Реализација на интерни работилници. | Едуциран наставен кадар. | Специјелн едукатор и рехабилитатор, наставници, стручна служба | 2022, 2023 | Асистивна технологиј а, хартија, пенкала, компјутер, ЛЦД проектор, печатач | Директор, стручна служба |
| **Конкретна цел 3.3.3** Следење на примената на стекнатите знаења и вештини | | | | | |
| 1. Примена на стекнатите знаења и вештини;<br>2. Размена на искуства;<br>3. Увид од стручна служба и директор. | Практична примена на стекнати знаења. | Директор, стручна служба, наставници | 2023, 2024, 2025<br>... | Соодветен дидактичк и материјал, хартија, пенкала, компјутер, печатач | Директор, стручна служба |

**<u>Забелешка:</u>** Средствата потребни за реализирање на активностите ќе се обезбедуваат согласно динамиката на средствата што се одобруваат со финансовиот план на училиштето (блок дотации од буџет, финансиска поддршка од локалната самоуправа, самофинансирачки активности од родители и дополнителни приходи од закупнина).

# 8. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

Соработката на училиштето со родителите и во наредниот период ќе се заснова на транспарентност, партнерска соработка и продуктивност со вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Советот на родитетли се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на првата општа родителска средба на паралелката. Советот на родители дава мислење за Годшната програма и Развојната програма на училиштето, расправа за Извештајот за работата на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето. Родителите се вклучени во донесување на одлуки на ниво на паралелката и преку Советот на родители. Тие даваат идеи и предлози за реализација на одредени активности во училиштето. Во Училишниот одбор тројца од членовите се од редот на родителите. Тие исто така даваат активен придонес во работата на Училишниот одбор. Вклучени се во донесувањето на одлуки кои произлегуваат од програмата на Училишниот одбор.

Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето. Во текот на наставната година се организираат општи родителиски средби (шест во годината), отворени родителски средби (два - четири во годината) и приемни денови за индивидуални средби (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласната табла) и по потреба групни родителиски средби. Родителите усно и писмено континуирано се известуваат за сите активности во училиштето, добиваат информации за редовноста, напредокот, постигањата и поведението на учениците. Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Преку конструктивната соработка со одделенскиот раководител/раководителот на паралелката и стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и заедночки се превземаат соодветни мерки за надминување на проблемите.

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба ќе се вклучуваат и родители споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Се планира родителите да учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати. Семејствата може да помагаат при набавка на материјали во процесот на учење и при изработка на нагледни средства и помагала.

Родителите ќе придонесат за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, преку учество во организирање на натпревари (превоз, поддршка), реализација на екскурзии (вклучени во комисии), проекти (поддршка), хуманитарни акции, хепенинзи, забави за учениците, работни акции и посета на институции. За поуспешна организација на најразлични манифестации, промоции и приредби се планира родителите да земаат активно учество во истите.

Нашето училиште го спроведува проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ според кој се предвидува активно учество на родителите во работата и животот на училиштето преку заедничко организирање наставни часови и предавања со наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта на проектните активности е да се зајакне врската родител-наставник-ученик и да се унапреди воспитната компонента во воспитно - образовниот процес.

Во почетокот на секоја учебната година училиштето изготвува информативна Брошура која што се доставува на родителите. Исто така, при запишувањето на децата во прво одделение, на родителите им се дава брошура со можностите што ги нуди нашето училиште.

# 9. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО ОПШТИНА , ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, НВО И ДР.

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина, да се афирмира како културен и образовен центар и да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

**А) Соработка со локалната самоуправа - Општина Ѓорче Петров**

Комуникацијата и соработката со локалната самоуправа Општина Ѓорче Петров се остварува континуирано преку усна, пишана и електронска форма. Училиштето е вклучено во реализирање на активности на заеднички проекти поддржани од локалната самоуправа. На свечената приредба за прием на првачињата секогаш се поканети претставници на локалната самоуправа. Нашите ученици со менторска поддржка од наставниците учествуваат на натпревари по различни наставни предмети на општинско ниво. Исто така, училиштето учествува на традиционалниот општински маскенбал по повод Први април - Ден на шегата и смеата. Учениците активно учествуваат на ликовни и литературни конкурси организирани од Општина Ѓорче Петров. Во организација на локалната самоуправа секоја година се доделуваат на пакетчиња по повод Новогодишните и Божиќни празници за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Локалната самоуправа учествува во подобрувањето на условите за работа, а тоа ќе придонесе за повисок квалитет на целокупната воспитно – образовна дејност на нашето училиште.

Преку соработката со Општината нашето училиште ги остварува следните задачи:

- искористување на стручни и материјални можности на локалната самоупарава за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето;
- организирање прослави на празници и јубилеи, хуманитарни и еколошки акции, културно - уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината и локалното население;
- информирање на локалната самоуправа и пошириоката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

**Б) Соработка со институции од областа на образованието**

Соработката со институциите од областа на образованието е заснована на заедничките заложби за унапредување на воспитно – образовниот процес. Со институциите училиштето воспоставува најразлични форми на соработка: советодавна, консултативна и стручна помош.

Соработката овозможува стручно усовршување на наставниот кадар, координирање на работата, размена на искуства на наставниот кадар, меѓуучилишни натпревари, професионално насочување на учениците, менторирање на студенти од факултетите, користење на стручна литература и друго.

Нашето училиште има континуирана и плодна соработка со следниве институции од областа на образованието:

- Министерство за образование и наука (МОН);
- Биро за развој на образованието (БРО);
- Државен просветен инспекторат (ДПИ);
- Државен испитен центар (ДИЦ);
- ЕЛС – Сектор за основно образование;
- Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА);
- Детски градинки (Росица и други);

- Основни училишта во општината, градот и државата.
- Средни училишта во градот Скопје;
- Ресурсни центри и училишта со посебни образовни потреби;
- Факултети (Педагошки факултет Св. Климент Охридски, Природно – математички факултет, Филозофски факултет при УКИМ и други);
- Агенција за спорт и млади.

**В) Соработка со институции од областа на културата**

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметностите (филмска, балетска, оперска, драмска, ликовна, литературна) ќе се реализираат посети на институции од културата.
Исто така, задолжително ќе се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците.

Училиштето соработува со следниве институции и културни установи:

- Министерство за култура;
- Кина и театри;
- Музеи;
- Детски културен центар „Карпош“;
- Градска Библиотека „Браќа Миладиновци“ и Библиотека „Другарче“;
- Медиуми: ТВ станици: (Алфа, МТВ, Сител, МТМ, Телма), локални радио станици: (Радио слободна Македонија, Спортско радио 9.03 фм), издавачки куќи, весници и web портали.

**Г) Соработка со невладини организации и здруженија**

Соработката на училиштето со невладините организации позитивно влијае на подобрување на целокупниот воспитно - образовнен процес на училиштето и успешна реализација на проектни активности.

Училиштето соработува со следниве НВО и здруженија:

- Црвен Крст – Карпош;
- Црвен крст на Република Северна Македонија;
- Сојуз за грижа и воспитување на децата на Град Скопје;
- Сојуз за грижа и воспитување на децата на Република Северна Македонија;
- Првата детска амбасада Меѓаши;
- УСАИД ;
- УНИЦЕФ;
- МЦГО;
- УНДП;
- Отворени забавни фудбалски школи Македонија и Open Fun Football Schools (OFFS);
- Федерација за рекреативен спорт и Федераација за училишен спорт;
- ПАКОМАК, ОХО и Go green;
- Дендо Вас – здружение на Ромите;
- Спортски друштва: ФК Македонија, Фудбалска федерација на Македонија, КК Ѓорче Петров, Тениски клуб „Вилсон“ и други.

**Д) Соработка зо здравствени установи**

Заштитата и унапредувањето на здравјето на ученици е обврска на сите учениците и вработените во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и поширокатa заедница. Тоа влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, пришто ќе се негува здрав стил на живеење.

Училиштето соработува со следниве установи:

- Поликлиника Ѓорче Петров;
- ЈЗУ Центар за јавно здравје;

- ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост”;
- ЈЗУ Центарот за слух, говор глас – Скопје;
- Центар за функционална проценка и поддршка на деца и млади.

**Ѓ) Соработка со установи за безбедност и социјална грижа**

Целта на соработката со установите за безбедност и социјална грижа е да се намали појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, навремена заштита на учениците од болестите на зависност и стручна помош од надлежни институции за подобрување на социо – емоциналната состојба на учениците.

Училиштето соработува со следниве установи:

- Министерство за внатрешни работи (МВР);
- СВР Скопје - Сектор за малолетничка деликвенција;
- РСБСП;
- Полициска станица Ѓорче Петров;
- Министерство за труд и социјална политика (МТСП);
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Скопје;
- Народен правобранител.

# 10. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Следењето на имплементацијата ќе се врши во текот на целата учебна година, а извештајот ќе се доставува на крајот од секоја учебна година преку заклучоци и дадени препораки.

| Приоритетни подрачја за следење | Начин на следење | Време на следење | Одговорни лица | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|---|
| Управување и раководење:<br>➢ Подобрување на материјално – техничките услови за учење и работа во училиштето | • Проверка на изработениот акционен план.<br>• Извештаи од реализирани активности.<br>• Редовна контрола на исправноста.<br>• Увид во Годишните извештаи на училиштето. | 2021 – 2025 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Ѓорче Петров |
| Ресурси:<br>➢ Подобрување на ресурсите за изведување на квалитетна настава | • Извештаи од извршените набавки.<br>• Увид во работата на наставниците.<br>• Увид во постигањата на учениците.<br>• Разговори со наставниците за редовно и правилно користење и одржување на ресурсите. | 2021 – 2025 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор, Општина Ѓорче Петров |
| Учење и настава:<br>➢ Унапредување на воспитно – образовниот процес, поддршка и грижа за учениците. | • Извештаи од реализирани обуки и работилници.<br>• Разговори со наставниците.<br>• Разговори со учениците.<br>• Протоколи за набљудување на часови.<br>• Увид во Годишни извештаи на училиштето.<br>• Следење на професионалното досие на наставниците и стручните соработници. | 2021 – 2025 | Комисија за следење и евалуација на Годишната програма | Наставнички совет, Училишен одбор |
| Поддршка на учениците:<br>➢ Професионално усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. | • Извештаи од реализирани интерни работилници.<br>• Протоколи за набљудување на часови.<br>• Разговори со наставниците.<br>• Разговори со учениците.<br>• Увид во Годишните извештаи на Училишниот инклузивен тим. | 2021 – 2025 | Директор, Училишен инклузивен тим | Наставнички совет, Училишен одбор |

# 11. ЕВАЛУАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Евалуацијата на реализацијата на Развојната програма за работа на ООУ „Мирче Ацев“ во период од 2021-2025 година ќе се врши во текот на целиот развоен период.

Евалуацијата ќе ја врши Комисија за следење на реализација на Годишната програма за работа на училиштето, во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница. Комисијата ќе го запознава Училишниот одбор за извршената евалуација преку годишните извештаи на крајот од секоја учебна година.

Исто така, на секои две години училиштето изготвува Самоевалуација преку која истовремено ќе се врши евалуација на Развојната програма за работа на училиштето.

Евалуацијата ќе се врши преку:

- увид во работата на наставниците;
- увид во постигањата на учениците;
- увид во соработката со родителит;
- протоколи за следење на наставни часови и воннаставни активности;
- дискусии;
- прашалници;
- записници;
- извештаи;
- интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;
- анкети со наставници, ученици и родители;
- набљудување на условите за работа;

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната самоуправа, МОН, БРО и други институции.

Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето треба да ги планираме.

# 12. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на член 49 став (1), (2) и (3) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година), ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје ја изготви Развојна програма за работа на основното училиште за период од 2021 – 2025 година.

Во развојната програма за работа на училиштето земени се во предвид резултатите од „Самоевалуација на училиштето, 2019“, советодавната и стручната помош од Бирото за развој на образованието, препораките од извештајот од последната интегрална евалуација на училиштето спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат во 2018 година, како и Годишните извештаи за работа на училиштето во претходните 4 учебни години.

Беа разгледани сите предности и недостатоци во училиштето, силните и слабите страни во досегашното работење на училиштето, како и пречките во остварувањето на одредени приоритетни подрачја во изминатата Развојна програма на училиштето во периодот од 2017 – 2021 година. Врз основа на целата оваа документација, се изработи SWOT анализата.

Потоа Комисијата ги донесе одлука кои статешки цели и приоритетни подрачја ќе се развиваат преку планирани конкретни активности.

# 13. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Согласно изработен интерен Протокол за изработка на Развојна програма за работа на ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје, директорот на училиштето во соработка со педагошко – психолошката служба формираше Комисија за изработка на развојната програма (февруари, 2021).

Комисијата за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје за период од 2021 до 2025 година е составена од следните членови:

- Ѓурѓица Баталакова - директор на училиштето (раководител на Комисијата);
- Валентина Алексовска - педагог;
- Розалинка Симоновска - психолог;
- Наташа Богатоноска - одделенски наставник;
- Јагода Арсовска - предметен наставник;
- Сузана Поповска - предметен наставник;
- Тони Зафировски - родител.

# 14. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година);
- „Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште“, Министерство за образование и наука, 2020 (www.mon.edu.mk);
- „Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија“, Биро за развој на образованието - Скопје, 2020 година (www.bro.gov.mk);
- „Стратегија за образованието 2018 – 2025 година и Акциски план“, Министератво за образование и наука - Скопје, 2018 (www.mon.edu.mk);
- „Самоевалуација, 2019“, ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје (www.mirceacev.edu.mk);
- „Програма за развој на училиштето за период од 2017 – 2021 година“, ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје (www.mirceacev.edu.mk);
- Конечен извештај од извршената интегрална евалуација во ООУ „Мирче Ацев“ – Ѓорче Петров, Државен просветен инспекторат, бр.09-1270/3 од 20.12.2018 година.
- Статут на ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје;
- Годишна програма за работа на ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје од претходните 4 учебни години (www.mirceacev.edu.mk);
- Годишни извештаи за работа на ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје од претходните 4 учебни години (www.mirceacev.edu.mk);
- Монографии на училиштето;
- „Благородните значења на вечноста“, ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје, Маријан Костовски, Влатко Костовски, Скопје, 2015

Врз основа на член 49 став (1), (2) и (3) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година), по предлог на Комисијата за изработка на Развојна програма за работа на основното училиште, Училишниот одбор на ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје, на седницата одржана на ___________________ донесе

# О Д Л У К А

за усвојување на Развојна програма за работа на основното училиште
ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје, општина Ѓорче Петров
за период од 2021 до 2025 година

| **Директор** | | **Претседател на Училишен одбор** |
|---|---|---|
| Ѓурѓица Баталакова | М. П. | Гоце Блажески |
| ______________________________ | | ______________________________ |